РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1013
Скопје, 15 август 2011 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1013 од 15 август 2011 година


**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за национална историја во Скопје (**м-р Лидија Ѓурковска, м-р Кире Филов, м-р Евгенија Илиева**)........1
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја во Скопје (**Трајчо Арсов, Рамадан Рамадани, Зоран Богески**)........2

**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа на енергетската ефикасност на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје (**д-р Страхиња Трпевски**)........3-14

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**м-р Љупчо Вчков, м-р Ристо Стаменов**)........15
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Фросина Павловска, Сања Трифуновска, Ирена Смиљановска, Арсенија Дејаноска Сарагинова, Нина Маркова, Бојан МихајловскиЛела Николовска**)........16-17

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје (**Тимко Чичаковски**)........18

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Добро управување** од авторот **д-р Наташа Богоевска**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје........19-25

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Јован Трајковски, Светлана Мијалкова, Виолета Ѓорѓиовска, Милена Паговска, Михаил Момировски, Игор Допев, Јорданка Кекеновска**)........26
2. Реферат за избор на еден соработник (асистент) во научното поле организациски науки и управување, област: управување со човечки ресурси, на Економскиот институт во Скопје (**м-р Андријана Бојаџиевска, м-р Илина Мицева, м-р Ангелина Николовска, м-р Дори Павловска-ЃорГиовска, м-р Трајана Ременска, м-р Наташа Ристовска, м-р Ирена Андрееска, м-р Ирина Мајовска** )........27-33

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор на соработник во звањето асистент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент-системи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**д-р Смилка Јанеска-Саркањац**)........34-37
2. Реферат за избор во звањето помлад асистент по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**м-р Петре Ламески**)........38-48

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на редовен професор во научната област индустриски растенија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Ненад Георгиев**)........49-59

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Производни системи - подготовка на производството** од авторот д-р Делчо Јованоски, пријавен на Машинскиот факултет во Скопје.........60-67

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Реферат за избор на еден соработник во звањето асистент по предметот сценски говор со техника на глас, со познавање на турски јазик на Факултетот за драмски уметности во Скопје **(м-р Атила Клинче)**.........................................................................68-70

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Организациска култура кај мали претпријатија**, изработена од **м-р Марија Магдинчева-Шопова**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.......................................................................................71-80

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор на помлад асистент за научната област човекови права и слободи при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Елеонора Стојкова, м-р Љуан Имери, м-р Викторија Јаќимовска)**...........................81-83
2. Издвоено мислење на Рефератот за избор на помлад асистент за научната област човекови права и слободи при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Елеонора Стојкова, м-р Љуан Имери, м-р Викторија Јаќимовска)**........................................................................................................84

# ПРЕГЛЕД

на одобрени тема за изработка на докторски дисертации на Институтот за национална историја-Скопје

| КАНДИДАТ | ТЕМА | КОМИСИЈА |
|---|---|---|
| м-р Лидија Ѓурковска | *Стопанските прилики во Скопје меѓу двете светски војни* | проф. д-р Надежда Цветковска<br>проф. д-р Симо Младеновски<br>проф. д-р Вера Гошева |
| м-р Кире Филов | *Емануел Мане Чучков* | проф. д-р Тодор Чепреганов,<br>проф. д-р Марјан Димитријевски<br>проф.д-р Ѓорѓи Чакарјаневски |
| м-р Евгенија Илиева | *Британската политика кон Македонија од 1800 до 1878 година* | проф. д-р Драги Ѓоргиев<br>проф. д-р Јован Јанев,<br>проф. д-р Амет Шериф, |

**ПРЕГЛЕД**

**на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за национална историја**

| КАНДИДАТ | ТЕМА | КОМИСИЈА |
|---|---|---|
| Трајчо Арсов | *Мисиите на капетанот Вилијам Мартин Лик во Османлиската Империја и на јужниот Балкан за време на Наполеоновите војни (1799-1810)* | проф. д-р Драги Ѓоргиев<br>проф. д-р Музафер Бислими<br>проф. д-р Тодор Чепреганов |
| Рамадан Рамадани | *Ориенталните ракописи како културно наследство во Република Македонија* | проф. д-р Јован Јанев,<br>проф. д-р Амет Шериф<br>проф. д-р Драги Ѓоргиев |
| Зоран Богески | *Крушево во времето на Танзиматот (1839-1893)* | проф. д-р Марија Пандевска<br>проф. д-р Катерина Тодороска<br>доц. д-р Наташа Котлар-Трајкова |

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ВИСОКОГРАДБА ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, на својата 28. седница одржана на 6.7.2011 година, нè одреди за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на енергетската ефикасност во архитектурата на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На распишаниот конкурс објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајме" на 16 јуни 2011 година се пријави кандидатот доц. д-р Страхиња Трпевски, дипл.инж.арх.

Комисијата констатира дека кандидатот ја доставил потребната документација согласно распишаниот конкурс и врз основа на увидот во неа, на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје му го доставува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот Страхиња Трпевски е роден на 19 јануари 1955 година во Струга.

Во учебната 1973/74 година запишал студии по архитектура на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје. Диполомирал во мај 1979 година.

Во учебната 1983/84 година на Архитектонскиот факултет во Белград запишал постдипломски студии од областа на домувањето.

Во 1985 година одбранил специјалистички труд и се стекнал со звањето специјалист за домување.

Во 1988 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: **„Анализа звучне заштите станбених објеката јединице суседства А1-4 у насељу Аеродром – Скопје"** и се стекнал со звањето магистер на архитектонски и урбанистички науки.

Во 1993 година, на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, пријавил тема за изработка на докторска дисертација под наслов: **"Сообраќајната бучава и нејзиното влијание врз станбените објекти преку анализа на реализирани станбени целини во Сопје".**

Докторската дисертација ја одбранил во февруари 1997 година и се стекнал со звањето доктор на технички науки од обласа на архитектурата.

Во моментов кандидатот е вработен како доцент на Факултетот за бизнис и економија во Скопје.

2. РАБОТНО ИСКУСТВО

Во периодот 1982 - 1995 година кандидатот се вработил во Градежниот институт „Македонија" – Скопје, каде што раководел со Одделот за градежна физика. Како истражувач, виш истражувач и главен инженер зел учество во повеќе истражувања, лабораториски мерења и теренска испитувања при што имал можност да се усовршува и надоградува во областа на применетата физика и заштедата на енергијата во архитектурата и градежништвото.

Во периодот 1995 - 1997 година, како помошник-министер, а од 1997 до 2000 година како потсекретар во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина на Р. Македонија, раководел со Секторот за градежништво,

комунални дејности и заштита на животната средина. Во овој период учествувал во подготовката и реализацијата на повеќе значајни проекти од областа на градежништвото. Во тој контекст, значаен е неговиот придонес кон трансформацијата и подготовката на дел од законските прописи на Р. Македонија од областа на градежништвото и нивното усогласување со стандардите и регулативите на Европската унија.

Од 2000 до 2002 година се вработил како претставник од Р. Македонија во KfW-банката (Банка за поддршка на развојот од Германија), каде што бил ангажиран во подготвувањето на развојни проекти во Р. Македонија од областа на водоснабдувањето, пречистувањето на отпадните води, наводнувањето и давањето поддршка на проекти за развојот на енергетската ефикасност .

Од 2002 до 2006 година работел како програмски менаџер за UNDP на креирање модел на македонска општина и зајакнувањето на нејзините оперативни капацитети на локално ниво.

Од 2006 до 2008 година, во соработка данската консултантска куќа NIRAS, раководел со тимот на национални експерти за подготовка на Националната стратегија за одржлив развој на Р. Македонија до 2020 година.

Од 2008-2010 раководел со тимот на експерти за изготвување на националната Стратегија за развој на градежништвото на Црна Гора до 2020 година.

На 26 декември 2007 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за бизнис и економија во Скопје, избран е за доцент од областа на геоинформациските системи по групата предмети заштита на животната средина, енергетска ефикасност и управување со инвестициски проекти.

## 3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од изборот за доцент на Факултетот за бизнис и економија во Скопје до денес, доц. д-р Страхиња Трпевски активно се вклучил во наставно-образовниот и научно-истражувачкиот процес на Факултетот. Континуирано учествувал во креирањето, подготвувањето и реализацијата на неколку наставни дисциплини од областа на одржливиот развој, заштитата на животната средина и управувањето со инвестициски пртоекти. Овој Факултет е единствениот во Р. Македонија каде што во студиската програма се внесени наставни содржини од областа на одржливиот развој во контекст на енергетската ефикасност.

Како доцент на Факултетот за бизнис и економија, кандидатот држи настава по група предмети од првиот и вториот циклус студии низ предавања со различни тематски содржини, и тоа: одржлив развој, енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија и енергија и животна средина, управување со инвестициони проекти, ГИС1, ГИС 2, економија на животната средина, транспорт и инфраструктура и бизнис локациони одлуки,рурален развој, економија на животна средина и урбана економија.

Покрај редовната настава во рамките на Факултетот, како раководител на проектот за воспоставување на Германски центар за енергетска ефикасност (ГЕЦ) и обновливи извори на енергија, организирал и водел посебна продлабочена настава. Соработувал со ДГС од Германија-Берлин и со познатиот експерт д-р Хартман со кого развиваат циклус на обуки за соларна термија, фотоволтаични постројки и енергетска ефикасност според германските стандарди и искуства за што заедно публикуваат и интерни учебни помагала. Притоа, учествувал и во формирањето на Центар со нагледни постројки и типови на панелни соларни елементи за нивна практична примена. Исто така, соработувал и со Австриската агенција за развој АДА при што раководел со реализирањето на пилот-проектот за заштеда на енергија во јавните објекти и воведување на нови фасадни технологии со континуиран мониторинг на постигнатите заштеди на енергија во наредните три години.

Од 2010 година, со поддршка на ГТЗ, соработува во изготвувањето и реализацијата на програмата за едукација на инженери за енергетска ефикасност во објектите од Југоисточна Европа, согласно со искуствата и практиките во Германија.

Во рамките на овие активности, врши ревизија на методологијата и материјалите изготвени за едукација на дел од јавната администрација за енергетска ефикасност, финансирано од програмата за мали грантови на Светската банка.

Може да се констатира дека, низ овој ангажман во наставно-образовниот процес и научноистражувачката работа на Факултетот за бизнис и економија во Скопје, доц. д-р Страхиња Трпевски демонстрал капацитет на педагог со особена посветеност, компетентност, иницијативност и способност своите знаења и искуства да им ги пренесе на студентите на најдобар начин. Во тој контекст, можат да се истакнат неговото завидното познавање и владеење на материјата од областа на енергетската ефикасност, високо оценетите резултати на стручно и научно поле како и квалитетот во работата со студентите.

Во Анексот 2, кој е составен дел од овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на наставно-образовната дејност.

## 4. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од приложените референци на научни и научноистражувачки трудови на кандидатот доц. д-р Страхиња Трпески, може да се констатира дека неговите интереси и афинитети кон научната работа доминантно се насочени кон истражувања во доменот на одржливиот развој при што посебно место заземаат оние во подрачјата на енергетската ефикасност и заштитата на животната средина. Притоа, паралелно анализирајќи конкретни примери на нивна реализација низ новите или санација на постојните системски решенија, кандидатот посебено внимание обрнува кон иманентната потреба за градење на квалитетно нови инстутиционални и законски рамки како солидна основа за квалитетен развој и операционализација на овие процеси во Р. Македонија,.

Во неговата магистерска работа, во докторската дисертација како и во најголемиот дел од научноистражувачката работа на кандидатот, покрај останатото, се забележува континуитет на неговата заложби да се разгледува и проблемот на звучната заштитата и заштитата од сообраќајната бучава на веќе реализирани станбени единици од армиранобетонски конструкции изведени со оплати од тунелски системи на градење. Посебно внимание посветува на проучување на однесувањето на армиранобетонските конструкции и малите процепи-слаби точки кои остануваат при градбата со овие системи. Кандидатот, во овие истражувања, детално го анализира влијанието на поставеноста на објектите во однос на сообраќајната бучава, нивната структура и нивото на постигнатиот внатрешен амбиент.

Во последниве неколку години, неговиот интерес кон научно-истражувачката работа е насочен кон проучувањето на примената на иновативни материјали и нивна употреба во областа на градежништвото и архитектурата за заштеда на енергија. Така, во рамките на COST C16, проект на европската фондација за наука од Брисел, обработува проблематика која во последните години во светот станува исклучително актуелна и е предмет на бројни експериментални и теориски истражувања поврзани со т.н. контакт-фасади или ETICS-системи во контекст на можностите за нивна практична примена. Работи на пионерските потфати за реализација и следење на нискоенергетските објекти санирани со ETICS-системи, како и на истражување на постигнатите амбиентални параметри во реалната експлоатација при високофреквентна искористеност на објектите од административен карактер.

Голем дел од својата научноистражувачка работа, кандидатот доц. д-р Страхиња Трпевски јавно ја презентирал на бројни стручни и научни собири и конференции во земјата и во странство.

Во Анексот 2, кој е составен дел од овој извештај, детално се наведени проектите и активностите на кандидатот од областа на научноистражувачката дејност.

5. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во увидот од повеќегодишното работно искуство, покрај нагласената насоченост и афинитет кон научната работа, забележливо е учеството на кандидатот и во доменот на стручно-апликативната дејност.

Од приложената документација може да се види дека тој зел учество во изработката на голем број студии, мастер-планови, стратегии и проекти од областа на домувањето, заштедата на енергија, заштитата на животна средина, водоснабдувањето и развојот на градежништвото. Учествувал во изработката на голем број градежни проекти од сегментот на прекуграничната соработка и Пактот за стабилност, финансирани од страна на ЕУ. Координира и соработува со меѓународните финансиски институции и агенции како што се KfW, WB, EIB, EBRD, GEF, JICA, GTZ, Sida и Банката за поддршка на развојот на Советот на Европа за финансирање и реализација на проекти од важност за Република Македонија.

Во оваа прилика, може да се истакне и тоа дека најголем дел од овие студии и проекти се однесуваат на одржливиот развој и енергетската ефикасност.

Во Анексот 2, кој е составен дел на овој извештај, детално се наведени сите активности на кандидатот од областа на стручно-апликативната дејност.

6. ОПШТЕСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Од приложената документација забележливо е и учеството на кандидатот во активности од поширокo општествено заначењево. Бил член на бројни управни одбори и институции во земјата и во странство, член на управни комитети за реализација на проекти од значење за Република Македонија, а во неколку наврати бил номиниран за претставник од Р. Македонија во ЕЕА (Европска агенција за екологија) и ЕЦЕЦ (Европски совет на инженерски комори).

Кандидатот е актуелен претседател на Комората на овластени архитекти и инженери-учесници во изградбата на објекти на Р. Македонија.

Бил член на управниот одбор на Асоцијацијата на архитекти на Р. Македонија во мандатниот период 1997-2000 година.

**АНЕКС 2**

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Страхиња Серафим Трпевски
Институција: Архитектонски факултет - Скопје
Научна област: енергетска ефикасност во архитектурата

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Географски информациони системи 2 (ГИС), I циклус студии, насока: финансиски менаџмент, летен семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 2. | Географски информациони системи 2 (ГИС), I циклус студии, насоки: маркетинг-менаџмент и регионален развој, летен семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 3. | Рурален развој, I циклус студии, летен семестар, 2010/2011, 4 часа | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | |
| 4. | Економија на животна средина, I циклус студии, летен семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 5. | Географски информациони системи 1 (ГИС), I циклус студии, насока: финансиски менаџмент, зимски семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 6. | Географски информациони системи 1 (ГИС), I циклус студии, насоки: маркетинг-менаџмент и регионален развој, зимски семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 7. | Урбана економија, I циклус студии, зимски семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 8. | Транспорт и развој на инфраструктура, I циклус студии, зимски семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 9. | Енергетска ефикасност, II циклус студии, зимски семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 3 |
| 10. | Енергија и животна средина, II циклус студии, зимски семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 3 |
| 11. | Обновливи извори на енергија, II циклус студии, зимски семестар, 2010/2011, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 3 |
| 12. | Географски информациони системи 2, I циклус студии, насока: финансиски менаџмент, летен семестар, 2009/2010, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 13. | Географски информациони системи 2, I циклус студии, насоки: маркетинг-менаџмент и регионален развој, летен семестар, 2009/2010, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 14. | Географски информациони системи 1, I циклус студии, насока: финансиски менаџмент, зимски семестар, 2009/2010, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 15. | Географски информациони системи 1, I циклус студии, насоки: маркетинг-менаџмент и регионален развој, зимски семестар, 2009/2010, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 16. | Урбана економија, I циклус студии, зимски семестар, 2009/2010, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 17. | Бизнис локациони одлуки, I циклус студии, зимски семестар, 2009/2010, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 18. | Инвестиционен менаџмент, I циклус студии, зимски семестар, 2009/2010, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 19. | Географски информациони системи 2, I циклус студии, насока: финансиски менаџмент, летен семестар, 2008/2009, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 20. | Географски информациони системи 2, I циклус студии, насока: маркетинг-менаџмент, летен семестар, 2008/2009, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 21. | Географски информациони системи 1, I циклус студии, насока: финансиски менаџмент, зимски семестар, 2008/2009, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 22. | Географски информациони системи 1, I циклус студии, насока: маркетинг-менаџмент, зимски семестар, 2008/2009, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 23. | Географски информациони системи 2, I циклус студии, насока: финансиски менаџмент, летен семестар, 2007/2008, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 24. | Географски информациони системи 2, I циклус студии, насока: | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | маркетинг-менаџмент, летен семестар, 2007/2008, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | |
| 25. | Географски информациони системи 1, I циклус студии, насока: финансиски менаџмент, зимски семестар, 2007/2008, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 26. | Географски информациони системи 1, I циклус студии, насока: маркетинг-менаџмент, зимски семестар, 2008/2009, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 27. | Инвестиционен менаџмент, I циклус студии, зимски семестар, 2008/2009, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 28. | Бизнис локациони одлуки, I циклус студии, зимски семестар, 2008/2009, 4 часа неделно, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 2,4 |
| 29. | Консултации со студенти, 2010/2011 (80 студенти) | 0,16 |
| 30. | Консултации со студенти, 2009/2010 (110 студенти) | 0,22 |
| 31. | Консултации со студенти, 2008/2009 (92 студенти) | 0,184 |
| 32. | Консултации со студенти, 2007/2008 (40 студенти) | 0,08 |
| 33. | Член на комисија за оцена на докторат, 1 кандидат, Факултет за бизнис и економија-Скопје | 0,5 |
| 34. | Член на комисија за одбрана на докторат, 1 кандидат, Факултет за бизнис и економија-Скопје | 0,5 |
| 35. | Член на комисија за оцена на магистратура, 2 кандидата, Факултет за бизнис и економија-Скопје | 0,6 |
| 36. | Член на комисија за одбрана на магистратура, 2 кандидата, Факултет за бизнис и економија-Скопје | 0,6 |
| 37. | Ментор на дипломска работа, 10 кандидати, Факултет за бизнис и економија-Скопје | 2 |
| 38. | Интерна скрипта од предавања по предметот Енергетска ефикасност, II циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 4 |
| 39. | Интерна скрипта од предавања по предметот обновливи извори на енергија, II циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 4 |
| 40. | Интерна скрипта од предавања по предметот фотоволтаични постројки, II циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 4 |
| 41. | Пакет материјали за предметот географски информациони системи 1, I циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 1 |
| 42. | Пакет материјали за предметот географски информациони системи 2, I циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 1 |
| 43. | Пакет материјали за предметот инвестиционен менаџмент, I циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 1 |
| 44. | Пакет материјали за предметот бизнис локациони одлуки, I циклус студии, Факултет за бизнис и економија-Скопје | 1 |
| 45. | Пакет материјали за предметот урбана економија, I циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 1 |
| 46. | Пакет материјали за предметот транспорт и развој на инфраструктура, I циклус студии, Факултет за бизнис и економија-Скопје | 1 |
| 47. | Пакет материјали за предметот економија на животна средина, I циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 1 |
| 48. | Пакет материјали за предметот рурален развој, I циклус студии, Факултет за бизнис и економија- Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | **93,844** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|

| број | | |
|---|---|---|
| 1. | Пленарно предавање на стручен собир: Public Procurement of energy efficiency services, *World Bank Institute* , Скопје, Македонија, 2011. | 2 |
| 2. | **Trpevski, S.**, Cvetkovska, M., Knežević, M., Rutešić, C., Samardzioska, T., Gogić, M., Pravci delovanja za razvoj građevirarstva Crne Gore do 2020 godine, *Zbornik radova na treči internacionalni naučno-stručni skup građevinarstvo-nauka i praksa*, Žabljak, Crna Gora, februar, 2010, str. 1843-1848. | 1,8 |
| 3. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Regional Stakeholder Meeting on Climate Friendly Energy Efficiency Policies Across SEE, *Joint Viena Institut and WB*, Viena, Austria, 2010. | 3 |
| 4. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Advanced training of architects and engineers from Southeast Europe on energy efficiency, *GTZ*, Frankfurt, Germany, 2010. | 3 |
| 5. | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: 13. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, Охрид, Македонија, септември 2009. | 3 |
| 6. | Cvetkovska, M., **Trpevski, S.**, Ivanisevic, N., Nonlinear Finite Element Analysis of RC Beams Subjected to Fire, *Proceeding of IABSE Symposium for Sustainable Infrastructure, Environment Friendly, Safe and Resource efficient*, Bangkok, Thailand, September, 2009, pp. 380-381. | 2,4 |
| 7. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: International Conference on Partnership and Dialogue Preconditions for Good Governance for Implementation of the EU Environmental Acquis, *Sida-Sweeden*, Mavrovo, Macedonia, 2009. | 3 |
| 8. | **Trpevski, S.**, Indova, V., National Strategy for Sustainable Development for Macedonia – Facing Implementation Start-up, *Proceeding of 5th Dubrovnik Conference on Sustainable development of Energy, Water and Environment Systems*, Dubrovnik, Croatia, October, 2009, pp.49-50. | 2,7 |
| 9. | Учество на *5th Dubrovnik Conference on Sustainable development of Energy, Water and Environment Systems* со реферат | 1 |
| 10. | Lonholdt, R., J., Willken, M., **Trpevski, S.**, The National Strategy for Sustainable Development for the Republic of Macedonia-A new way of thinking and working, *Proceeding of Second Sustainability Conference for Creating Values for Sustainable Development*, Basel, Switzerland, August, 2008, pp. 256-264. | 2,4 |
| 11. | Учесник во меѓународен научен проект: COST C16 Improving the Quality of Existing Urban Building Envelopes - Facades and Roofs. | 5 |
| 12. | **Trpevski, S.**, Technical improvement of housing envelopes in the Republic of Macedonia, COST C16 Improving the Quality of Existing Urban Building Envelopes-Facades and Roofs, Vol. 5, 2007, pp. 83-94. | 3 |
| 13. | Секциско предавање на стручен собир со меѓународно учество: Forum on decentralization-from an idea to realisation, *NGO Support Centers*, Ohrid, Macedonia, 2006. | 2 |
| 14. | Секциско предавање на стручен собир со меѓународно учество: To Protect the Environment: Town Planning, Noise, Solid Wastes, Water Protection, *EEA and WHO*, Copenhagen, Denmark, 2000. | 2 |
| 15. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Конференција за реконструкција и инвестициони проекти во балканските земји и Југоисточна Европа, Вашингтон, САД, 2000. | 3 |
| 16. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Конгрес за инвестиции во Југоисточна Европа, Вашингтон, САД, 1999. | 3 |
| 17. | Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: Huge | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Panel Systems-Reconstruction and Energy Saving, Bonn, Germany, 1999. | |
| 18. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: European Construction Programmes-Crediting Systems and Access to International Banking Systems, *HYPO Bank*, Prague, Chezch, 1999. | 3 |
| 19. | Секциско предавање на стручен собир со меѓународно учество: The Danish Quality Assurance and Liability Reform, *National Building and Housing Agency*, Copenhagen, Denmark, 1998. | 2 |
| 20. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Liaison Group- Environment, *PHARE*, Bled, Slovenia, 1998. | 3 |
| 21. | **Трпевски, С.**, Сообраќајната бучава и нејзиното влијание врз станбените објекти-преку анализа на реализирани станбени целини во Скопје, *докторска дисертација*, Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Скопје, Македонија, февруари 1997. | 8 |
| 22. | Пленарно предавање на стручен собир: Voluntary Standardization-the PRAQ III Regional Programme of Quality Assurance, *PHARE*, Skopje, Macedonia, 1997. | 2 |
| 23. | Пленарно предавање на стручен собир: Identifying Measurement Vagueness in Meteorology-a PRAQ III Regional Project, *PHARE*, Skopje, Macedonia, 1997. | 2 |
| 24. | Пленарно предавање на стручен собир: PRAQ III Project Manager: (i) Evaluation for the Market Control System; (ii)) Quality Infrastructure, *PHARE*, Skopje, Macedonia, 1997. | 2 |
| 25. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Sustainable Development for Local Authorities- Approaches, Experiences and Sources, *European Environment Agency*, Copenhagen, Denmark, 1997. | 3 |
| 26. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Energy Conservation Initiative, *Economic Commission for Europe*, Brussels, Belgium, 1997. | 3 |
| 27. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: The ENVISION Scenario - the EEA Progress and Prospects, *EEA*, Copenhagen, Denmark, 1997. | 3 |
| 28. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Energy Efficiency and Related Environmental Aspects, *Energy Charter Secretariat*, Brussels, Belgium, 1997. | 3 |
| 29. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Liaison Group- Environment, *PHARE*, Prague, Chezch, 1997. | 3 |
| 30. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: International Conference on the Sustainable Use of Resources, *Natur-Expo `96*, Budapest, Hungary, 1996. | 3 |
| 31. | Пленарно предавање на стручен собир со меѓународно учество: Liaison Group-Environment, *PHARE*, Budapest-St. Andre, Hungary, 1996. | 3 |
| 32. | **Trpevski, S.**, Applying the urban concept of the neighborhood unit to a residential settlement of 100.000 people and the realistic possibilities for creating environmental protection from noise, *Proceeding of EURONOISE 92*, IMPERIAL College, London, Great Britain, September, 1992. | 3 |
| 33. | Учество на *EURONOISE 92 London* со реферат | 1 |
| 34. | **Трпевски, С.**, Анализа звучне заштите станбених објеката единице суседства А1-4 у насељу Аеродром-Скопље, *магистарски рад*, Архитектонски факултет, Београд, Србија, мај, 1988. | 4 |
| 35. | **Трпевски, С.**, Звучна заштита станбених објеката, *специјалистички рад*, Архитектонски факултет, Београд, Србија, фебруари, 1985. | 2 |
| 36. | Учесник во национален научен проект: Квалитетот на амбиентал- | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | ните услови во станбените објекти во населба Карпош и населба Аеродром, 1985. | |
| 37. | Учесник во национален научен проект, Мерење на сообраќајната бучава на главните раскрсници во Скопје, 1983. | 3 |
| | **Вкупно** | **103,3** |

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Изведен архитектонски објект - станбена куќа во населба Драчево во сопственост на Светислав Матовиќ | 4 |
| 2. | Изведен архитектонски објект - станбена куќа во населба Козле во сопственост на Спасе Стрезоски | 4 |
| 3. | Изведен архитектонски објект - станбена куќа во населба Козле во сопственост на Даме Стрезоски | 4 |
| | **Вкупно** | **12** |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Физибилити-студија на Хидроелектрани на река Црна-Чебрен и Галиште, одговорен проектант | 2 |
| 2. | Студија за искористување на 450 локации за мали хидро-електрани во РМ, одговорен проектант | 2 |
| 3. | Студија за енергетска ефиаксност во станбени објекти, Пилот-проект за станови за категорија на граѓани со ниски примања, GTZ | 2 |
| 4. | Основен проект за енергетска ефикасност за санација на Универзална сала, одговорен проектант | 4 |
| 5. | Основен проект за санација на халата на Кока-Кола во Пивара-Скопје, одговорен проектант | 4 |
| 6. | Студија за постојни станбени објекти во Скопје во однос на Sto/ADA проектот за енергетска ефикасност и употреба на нови фасадни технологии, одговорен проектант | 2 |
| 7. | Студија за Коридор 10 Градско-Неготино, PHARE EU, одговорен проектант | 2 |
| 8. | Студија за Коридор 10 Неготино-Демир Капија, PHARE EU, одговорен проектант | 2 |
| 9. | Студија за рехабилитација и надградба на граничен премин Богородица, PHARE CBC-прекуграничната програма, одговорен проектант | 2 |
| 10. | Студија за рехабилитација и надградба на граничен премин Меџитлија, PHARE CBC-прекуграничната програма, одговорен проектант | 2 |
| 11. | Студија за рехабилитација и надградба на граничен премин Табановце, PHARE CBC-прекуграничната програма, одговорен проектант | 2 |
| 12. | Студија за рехабилитација и надградба на граничен премин Блаце, PHARE CBC-прекуграничната програма, одговорен проектант | 2 |
| 13. | Студија за изградба на карго аеродром во Струмица, Тере, учесник | 1 |
| 14. | Студија за реконструкција и модернизација на аеродромската писта во Скопје, одговорен проектант | 2 |
| 15. | Студија за реконструкција и модернизација на аеродромската писта во Охрид, одговорен проектант | 2 |
| 16. | Физибилити-студија за водоснабдување и пречистување на отпадни води во Скопје, Прилеп и Битола, Светска Банка | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | Студија за заштита на Охридско Езеро-реконструкција на колекторска мрежа и пречистителан станица, KfW | 2 |
| 18. | Физибилити-студија за заштита на Преспанско Езеро, KfW | 2 |
| 19. | Студија за водоснабдување на Охрид, Струга од Горна Белица, KfW | 2 |
| 20. | Студија за заштита на Биодиверзитетот Преспа парк, KfW и GTZ, трилатерален проект | 2 |
| 21. | Студија за управување со цврстиот отпад во Југо-западниот дел на РМ ( Струга,Охрид, Ресен, Битола), KfW | 2 |
| 22. | Студија за наводнување во јужниот дел на реката Вардар, KfW | 2 |
| 23. | Студија за рехабилитација на водоснабдителниот систем Студенчица, KfW | 2 |
| 24. | Студија за развивање на автоматски мониторинг станици на река Вардар, PHARE CBC-прекуграничната програма | 2 |
| 25. | Студија за мониторинг на река Сатеска, KfW | 2 |
| 26. | Студија за развој на Мастер план за водоснабдување, пречистување на отпадните води и управување со цврстиот отпад, Krueger и PHARE-EU | 2 |
| 27. | Студија за водоснабдување и градба на резервоари во Визбегово, UNDP | 2 |
| 28. | Физибилити-студија за пречистување на отпадни води во Битола и Прилеп, Светска Банка | 2 |
| 29. | Студија за реконструкција на Македонската амбасада во Вашингтон | 2 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | Учество во Управен одбор за подготовка на реализација на проектот Вардарска долина | 1 |
| 2. | Учество во Управен одбор за подготовка на реализација на проектот брана Злетовица, јапонска агенција ЈИЦА | 1 |
| 3. | Учество во изработка на национална програма за воведување на енергетска ефикасност во РМ преку техничка помош на Германската влада | 3 |
| 4. | Раководител на внатрешна организациона единица, ГЕЦ-Германски центар за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија/ подготовка на обуки и семинари | 3 |
| 5. | Подготовка на национален проект АМВО за трансбалкански нафтовод Бугарија, Македонија и Албанија | 2 |
| 6. | Учество во изработка на национална програма за давање под концесија на поткоридорот 8, патен правец Велес/Прилеп, француски конзорциум на фирми | 3 |
| 7. | Член на Управен одбор на Македонијапат | 1 |
| 8. | Учество во изработка на национална програма МЕАП- Општински акционен план за заштита на животната средина за 6 града во РМ, EBRD и Пакт за стабилност | 3 |
| 9. | Учество во изработка на национална програма Социјална инфраструктура 1, KfW | 3 |
| 10. | Учество во изработка на национална програма Социјална инфраструктура 2, KfW | 3 |
| 11. | Подготовка на Закон за градење | 2 |
| 12. | Подготовка на Закон за градежно земјиште | 2 |
| 13. | Подготовка на Закон за водоснабдување | 2 |
| 14. | Подготовка на Закон за домување | 2 |
| 15. | Подготовка на Закон за комунални дејности | 2 |
| 16. | Подготовка на Закон за јавни набавки | 2 |
| 17. | Учество во Управен комитет за развој на Мастер-план за водоснаб- | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | дување, пречистување на отпадните води и управување со цврстиот отпад, Krueger и PHARE-EU | |
| 18. | Учество во изработка на национална програма за водоснабдување на неразвиени подрачја, финансирана од страна на Влада на РМ, 1998 | 3 |
| 19. | Учество во изработка на национална програма за водоснабдување на неразвиени подрачја, финансирана од страна на Влада на РМ, 1997 | 3 |
| 20. | Учество во изработка на национална програма за водоснабдување на неразвиени подрачја, финансирана од страна на Влада на РМ, 1996 | 3 |
| 21. | Учество во изработка на национална програма за кредитирање со Банката за развој на Совет на Европа за изградба на 900 стана во РМ | 3 |
| 22. | Учество во изработка на национална програма за реформа на земјишната политика и Катастарот во РМ, Ordinance and Surway | 3 |
| 23. | Учество во Управен комитет за реформа на земјишната политика и Катастарот во РМ, Ordinance and Surway | 1 |
| 24. | Претседател на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на РМ | 1 |
| 25. | Член на уредувачки одбор на стручното списание „Пресинг“ | 0,5 |
| 26. | Член на извршна асамблеа на ЕЦЕЦ | 1 |
| 27. | Член на управен одбор на PHARE Liaison Group - Environment Budapest (1996-98) | 1 |
| 28. | Национален координатор за изработка на Национална стратегија за развој на градежништво за Црна Гора до 2020 година, 2010 | 4 |
| 29. | Национален координатор за изработка на Национална стратегија за одржлив развој на РМ до 2020 година, 2008 | 4 |
| 30. | Национален координатор за изработка на Студија за искористување на потенцијалите на биомаса за производство на енергија во Источниот плански регион на РМ, 2010 | 4 |
| 31. | Член на управен одбор-Focal point во European Environment Agency (EEA) во Copenhagen, Denmark (1996-1999) | 1 |
| 32. | Национален координатор за изработка на Програма за креирање на модел на македонска општина | 4 |
| 33. | Заменик-претседател на комисијата за селекција и избор на проекти за социјално домување | 1 |
| 34. | Национален координатор за соработка во областа на градежништвото, заштитата на животната средина и домувањето со Данска | 4 |
| 35. | Национален координатор за соработка во областа градежништвото-соработка на билатерална основа со Бугарија | 4 |
| 36. | Раководител на внатрешна организациона единица во Завод за градежна физика при Градежниот институт Македонија | 3 |
| 37. | Раководител на внатрешна организациона единица при Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, помошник-министер за градежништво и комунални дејности во периодот 1995-1998 | 3 |
| 38. | Раководител на внатрешна организациона единица при Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, потсекретар во Министерство за градежништво и комунални дејности во периодот 1998-2001 | 3 |
| | **Вкупно** | **151,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **93,844** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **103,3** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **12** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **151,5** |
| **Вкупно** | **360,644** |

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената докуметација, Рецензентската комисија едногласно застана на мислење дека, врз основа на условите на распишаниот конкурс и согласно со Законот за високото образование на РМ и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатот доц. д-р Страхиња Трпевски во целост ги исполнува критериумите за избор за наставник од областа на енергетската ефикасност во Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Рецензентската комисија особено ги ценеше посветеноста и ангажираноста во сите сегменти од неговото професонално усовршување, научно и академско надградување. Резулатите од неговата досегашна работа на полето на научно-истражувачката работа, стекнатото искуство и достигнато ниво на владеење со многу пропулзивни експертизи, јавно се признати во текот на неговата работа во неколку значајни институции во Р. Македонија. Оттука, може да се констатира дека доц. д-р Страхиња Трпесвки се експонирал подеднакво како личност, како признат стручњак од областа на одржливиот развој и енергетската ефикасност и како педагог.

Комисијата цени дека овие негови квалитети ќе бидат многу значаен прилог кон актуелните заложби за зајакнување и развивање на научната, научно-истражувачката и педагошката дејност од областа за која што конкурира за наставник на Архитектонскиот факултет.

Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје да му предложи, согласно со член 132 од Законот за високото образование и член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатот доц. д-р Страхиња Трпевски да биде избран во звањето доцент по групата предмети од областа енергетска ефикасност на Институтот за високоградба на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Тихомир Стојков, д.и.а., претседател, с.р.
2. Проф. д-рТамараТеофиловска-Бојаџи, д.г.и., член, с.р.
3. Проф. д-р Владимир Арсовски, д.г.и., член, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| **м-р Љупчо Вчков** | **Влијанието на системите на наградување врз ефикасноста и ефективноста на извршената работа** | **Проф.д-р Јорде Јакимовски**<br><br>**Проф.д-р Мирјана Борота Поповска**<br><br>**Проф.д-р Радмил Поленаковиќ** |
| **м-р Ристо Стаменов** | **Влијанието на физичката и спортската активност врз девијантното поведение кај децата од 11-15 годишна возраст во Република македонија** | **проф.д-р Виолета Чачева**<br>**проф.д-р Љубица Чонева**<br><br>**проф.д-р Ружица Цацановска** |

# П Р Е Г Л Е Д

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Павловска Фросина | Истражување на современите решенија на менаџментот на човечките ресурси , ориентирани кон зголемување на правата на работниците во текстилната индустрија и нивната безбедност при работа | проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Сања Трифуновска | Менторството на работното место во функција на креирање на конкурентска предност на организацијата | проф. д-р Ружица Цацановска |
| Ирена Смиљановска | Пристојна работа - предизвик за клучните актери во креирањето на социјални политики | проф. д-р Јорде Јакимовски |
| Арсенија Дејаноска Сарагинова | Бенефиции од стратегискиот менаџмент за успехот на деловните субјекти | проф. д-р проф. д-р Мирјана Борота Поповска |
| Нина Маркова | Управување со знаење во Европската унија | проф.д-р Славејко Сасајковски |

| | | |
|---|---|---|
| Бојан Михајловски | Концептот на мултикултурализам во наставните програми во гимназиското образование | проф.д-р Петар Атанасов. |
| Лела Николовска | Виртуелен и реален идентитет – Поврзаност помеѓу виртуелниот и реалниот идентитет на социјалната мрежа Фацебоок кај учениците од осмо одделение во О.У. Димо Хаџи Димов Скопје | доц.д-р Елеонора Серафимовска |

**П Р Е Г Л Е Д**

На прифатена тема за изработка на магистерски труд во Институтот за фолклор "Марко Цепенков" – Скопје во студиската програма по фолклористика

| кандидат | тема | ментор |
|---|---|---|
| Тимко Чичаковски | Развојни фази на беровската чалгија | Проф. д-р Родна Величковска |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ ДОБРО УПРАВУВАЊЕ“ ОД АВТОРОТ Д-Р НАТАША БОГОЕВСКА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 18-та редовна седница одржана на 18.5.2011 година, донесе одлука за избор на двајца рецензенти за рецензирање на учебник со наслов „Добро управување“ од авторот доц. д-р Наташа Богоевска. Како рецензенти се определени проф. д-р Борче Давитковски и проф. д-р Маја Геровска Митев.

Врз основа на оваа одлука и добиениот ракопис за учебник, а во својство на еден од рецензентите, го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Авторот доц. д-р Наташа Богоевска предложи ракопис за учебник по предметната програма Трендови во социјалната политика и доброто управување, која се реализира во рамките на студиската програма за втор циклус студии по социјална работа и социјална политика при Институтот за социјална работа и социјална политика, Филозофски факултет во Скопје. Во рамките на вториот циклус студии, овој предмет има фонд на часови - 30 и се вреднува со 10 ЕКТС - кредити. Ракописот кој е предложен за учебник е во согласност со содржината на усвоената предметна програма. Овој ракопис за учебник ќе биде прво издание на авторот.

Трудот предложен за рецензија претставува теоретско/апликативна разработка на концептот на добро управување, прашање кое е во центарот на дебатата на стручната и научната јавност во областа на јавната администрација. Трудот претставува рефлексија на новите размислувања во науката за управата и дава критички осврт на доброто управување како етаблиран концепт во рамките на третата генерација школи во јавната администрација. Потрагата за подобрени модули на јавно управување авторката ја насочува преку таргетирањето на демократски, економски и социјално прифатените цели за кои постои генерален консензус. Со тоа авторката создава еден комплексен и систематичен труд во кој на јасен и недвосмислен начин се откриваат каузалните врски помеѓу општествено актуелните концепти на добро управување, одржлив човеков развој, човековите права и социјалната држава.

Содржината на трудот „Добро управување“ е претставена во четири поглавја, вовед, заклучок и користена литература при што се наведени 282 домашни и странски библиографски извори.

Во првото поглавје насловено како „Добро управување: дефиниции и концепти“, авторката ја презентира еволуцијата на концептот на добро управување кој го симболизира променета парадигма на управување. Во ова поглавје авторката ги анализира причините за напуштање на менаџерските

доктрини во јавната администрација и промоција на новите концепти на управување, меѓу кои централна улога има концептот на доброто управување. Управувањето како тема, авторката го разработува во една поширока, глобална смисла, која е многу поразлична и поопфатна од терминот „влада"; овој пристап на управување подразбира: нов процес на управување или променета состојба на воспоставените правила, или нов метод на управување во општеството. Терминот „управување" има различен опфат и од различни теоритеричари и со различни концепти различно се дефинира. Авторот развива дебата за управувањето во која ги спротивставува теоретските конструкции на авторите со различни идеолошки уверувања. Дополнително, авторката ги утврдува основните елементи на концептот на добро управување преку анализа на оперативните дефиниции на клучните меѓународни донаторски и финансиски организации. Авторката дебатата ја завршува со критичките прашања за меѓународната промоција на доброто управување и ги поставува прашањата за идната агенда на концептот на доброто управување.

Во второто поглавје насловено како „Теоретски расправи за идеолошката заднина на реформските движења во јавната администрација", авторката сеопфатно и аналитички ги разработува основните поставки на трите генерации школи во јавната администрација: традиционалната (веберова) јавна администрација, неолибералните доктрини во јавната администрација (повторно откривање на управата, нов јавен менаџмент, реинженеринг на деловните процеси, менаџмент на тотален квалитет, менаџмент на јавни вредности) и новата јавна администрација (нова Веберова држава, добро управување). По опишувањето и споредувањето на овие модели, авторката се осврнува на базичните проблеми и прашања кои ги предизвикале во практиката и теоријата, со особено внимание на оние што вклучуваат дихотомен карактер на Владата и улогата на јавните менаџери и бирократијата.

Во третото поглавје „Иновации и добри практики во управувањето и јавната администрација", авторката дава апликативна димензија на трудот, преку анализа на инструментите за практична имплементација на новите модули на јавно управување. Во ова поглавје авторката, од два различни аспекта, ги анализира предизвиците и пречките за воведување на административни иновации и добри практики како дел од пристапот за постигнување на добро управување. Прво, се поставува прашањето за применливоста на сознанијата од иновативната литература, односно дали и во која мера иновациите и практиките кои се покажале како добри и корисни во приватниот сектор може да се пренесат во јавниот сектор, а при тоа да не се обезбеди нужно приспособување. Авторката го разработува и вториот аспект на воведување административни иновации кој подразбира учење од искуствата на другите земји, односно трансфер на политики како процес во кој знаењето за политиките, административните аранжмани, институциите и идеите на еден политички систем се користат во развојот на друг. Овој процес е карактеристичен за областа на јавната управа за што сведочат низа примери на административни иновации и реформи пренесени од еден национален или регионален контекст во друг. Сепак, авторката дава критички осврт на настојувањата на меѓународните организации за трансфер на иновации и практики без да се земат предвид контекстуалните референци.

Во четвртото поглавје насловено како „Управувањето и клучните општествени процеси“, авторката ги анализира каузалните врски помеѓу актуелните општествени концепти: доброто управување, човековите права, одржливиот човеков развој и социјалната држава. Заедничка нишка на сите овие концепти претставува целта за постигнување на социјално прифатливи цели. Основна карактеристика на новите движења е повторното стапување на етичките прашања на јавната сцена и враќањето на политиката назад. Практичната имплементација на менаџерските доктрини покажа одредени слабости и нелогичности. Релативниот неуспех на административни реформи со неолиберална заднина ги исфрли на површина вечните прашања за приматот меѓу политиката и менаџментот. По три декади инсистирање на иницијативи за квалитет и ефикасност, сега повторно зборуваме за етички и вредносни прашања. Најважниот критериум за проценување на административните перформанси останува прашањето за заштита на јавниот интерес. Иако се уште е многу значајно да се одржат правните и политичките стандарди и економските критериуми, се чини дека императив во концептот за јавниот сервис е неговото засновање врз граѓанскиот дискурс и јавните вредности. Новите размислувања во науката за управата авторката ги пренесува на теренот на социјалната политика, како област во која се испреплетуваат најголем број нивоа на управување, како и најголем број актери. Со тоа го поставува прашањето за релевантноста на идејата за социјалната држава во актуелни услови, пред се преку анализа на новите методи на управување во социјалната сфера (повеќестепено управување и отворен метод на координација).

## Заклучок и предлог

Трудот „Добро управување“ претставува самостоен научен и стручен труд во кој авторката пристапува продлабочено, темелно и критички кон анализата на комплексното прашање кое е предмет на разработка. Авторката пошироко го анализира контекстот во кој се реализира концептот на добро управување кој ја дефинира својата задача пошироко отколку претходните парадигми во науката за јавната администрација и постигнува многу од неговите цели преку динамична мрежа на управување. Трудот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот, односно ставовите на авторката во однос на предметот на истражување. Теоретската рамка на трудот ги следи актуелните трендови во науката за управата, а применетата методолошка рамка обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот. Користењето на обемна домашна и странска литература овозможува можност за продлабочени аналитички, полемички и компаративно критички читања на стручната литература, со што трудот содржински се збогатува и добива на значење.

Според тоа, општата оцена за трудот покажува дека се работи за сериозен научен труд, работен според сите критериуми и методолошки постапки за изработка на учебник, структуриран целосно да ги покрие сите содржини од предметната програма за која е наменет.

Имајќи ја предвид сложеноста на разработената материја, нејзината актуелност, методолошкиот пристап и користените референци, како рецезент на трудот немам забелешки или сугестии за измена или дополнување на предложениот ракопис за учебник. Сметам дека учебникот покрај неговата основна намена за студентите на последипломски студии од општествените науки, ќе има поширока читачка публика во креаторите на политиката, државната и јавната администрација, особено во областа на социјалната политика и социјалната работа.

Врз основа на сето горенаведено, имам чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложам да го прифати и да го објави приложениот ракопис под наслов „Добро управување" од д-р Наташа Богоевска, како учебник.

Датум:

30.6.2011

Рецензент,

Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ДОБРО УПРАВУВАЊЕ" ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р НАТАША БОГОЕВСКА

Врз основа на член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање издавачка дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 18. редовна седница, одржана на 18.5.2011 година, донесе одлука за избор на двајца рецензенти на учебникот под наслов „Добро управување". За рецензенти беа избрани: проф. д-р Борче Давитковски и проф. д-р Маја Геровска Митев. Како еден од избраните рецензенти имам чест на Наставно-научниот совет да му го поднесам следниов

### ИЗВЕШТАЈ

Трудот со наслов *Добро управување* чиј автор е *доц. д-р Наташа Богоевска* претставува теоретско-апликативна разработка на концептот добро управување, еден од најзначајните и најдебатираните концепти во областа на науката за управата. Во овој труд, преку аналитички пристап, авторката ја синтетизира генезата на поимот, неговата примена во јавната администрација, доближувајќи го притоа доброто управување со останатите реформски движења, иновации и добри практики во јавната администрација. Авторката исто така го контекстуализира овој концепт во социјалниот домен, афирмирајќи ја притоа неговата употребливост во однос на социјалните права, развојот и социјалната држава.

Овој труд спаѓа во категоријата учебник, кој авторката го создава за потребите на предметната програма – Трендови во социјалната политика и доброто управување, која е дел од студиската програма за втор циклус студии по социјална работа и социјална политика, во насоката социјална политика. Во рамките на вториот циклус студии, овој предмет има фонд на часови 30 и се вреднува со 10 ЕКТС-кредити. Увидот во содржината на учебникот покажува дека тој е во согласност со споменатата предметна програма. Овој учебник е прво издание на авторката.

*Краток опис на содржината*

Трудот „Добро управување" се состои од четири поглавја, како и вовед, заклучок и користена литература. Поглавјата се функционално поврзани и претставуваат логички след на развивање на темата.

Првото поглавје насловено како „Добро управување: дефиниции и концепти", дава сеопфатен приказ на мноштвото дефиниции и различни пристапи кон овој поим. Авторката во овој дел ја согледува концептуализацијата и примената на доброто управување од страна на различни меѓународни организации, како Обединетите нации, Европската унија и меѓународните финансиски институции. Покрај дефинирањето на концептот, во овој дел авторката ги истакнува и главните начела и принципи на доброто управување и ги истакнува критичките дебати во однос на меѓународната употреба на овој концепт.

Второто поглавје е насловено „Теоретски расправи за идеолошката заднина на реформските движења во јавната администрација". Во овој дел, авторката дава преглед на најзначајните административни реформи во Европа и САД. Во тој контекст, авторката дава детален и критички осврт на главните доктрини и модели, како: традиционална јавна администрација, повторно откривање на управата, нов јавен менџмент, реинженеринг на деловните процеси и менаџмент на јавните вредности. При тоа, авторката користи широк дијапазон на референци кои ги конфронтира и ги истакнува нивните придобивки и недостатоци.

Третото поглавје, насловено како „Иновации и добри практики во јавната администрација", претставува функционално надополнување на претходниот дел, преку укажување на потребата и значењето на иновациите и примената на добри практики. Во овој дел, покрај истакнувањето на предизвиците за воведувањето на иновации (глобализација, преструктурирање), авторката ги истакнува дефинициите, факторите и бариерите за воведување на нови практики. При тоа, таа дава посебен осврт на хибридизација на јавниот и приватниот сектор, како и стратегиите за ефективни и интегрирани сервиси, децентрализираната достава на сервиси, јавно-приватното партнерство, како и користењето на информатичката технологија. Анализата во овој дел укажува на предностите и недостатоците на секој од пристапите, нагласувајќи притоа дека иновациите не треба да се цел сами за себе, туку средство преку кое ќе се постигне одржлив социо-економски развој.

Последното поглавје – „Управувањето и клучните општествени процеси", го контекстуализира принципот на добро управување во социјалниот домен. Во ова поглавје, авторката ги анализира поврзаноста на доброто управување со остварувањето на социјалните права. Исто така, авторката го афирмира доброто управување како начин за постигнување на одржлив човеков развој истакнувајќи ги притоа главните претпоставки и каузалните врски меѓу двата концепта. Во завршниот дел на поглавјето, авторката укажува за спојот меѓу социјалната држава и новите пристапи за управување на социјалната политика. Во таквата релација, авторката ја прикажува применливоста на отворениот метод на координација, како и се позачестените нехиерархиски, пофлексибилни и мрежно ориентирани начини на управување во социјалната држава, како на национално ниво така и на наднационално, односно европско ниво.

Вака структурираниот труд е прецизен и читлив, и тој не изискува потреба од некакви дополнителни корекции.

*Оцена на трудот (учебникот)*

Трудот „Добро управување" на авторката Наташа Богоевска претставува сериозна и темелна теоретско-апликативна расправа за концептот добро управување. Анализираните теоретски пристапи и дебати се прикажани преку критичка анализа и конфронтирање на различни парадигми, овозможувајќи му притоа на читателот да се запознае со главните предизвици и предности при апликацијата на овие теории. Од особено значење е што овој труд нуди и апликативна димензија на доброто управување, не само како практика на јавната администрација, туку и во сферата на социјалните дејности. При тоа, авторката се служи со аналитичко-синтетичкиот пристап, како и примена на компаративен метода при анализата на различни модели и практики. Примената на анализата на содржина (особено на релевантни научни трудови, концепциски документи, анализи и извештаи) резултирала со богата база на сознанија и податоци кои овој труд го прават методолошки издржан и аргументиран.

Широкиот дијапазон на теми анализирани во рамките на овој труд го прават погоден како стручно четиво не само за постдипломските студенти од општествените дејности, туку и за креаторите на јавните политики, за јавната администрација како и за обезбедувачите на социјалните услуги.

*Заклучок*

Имајќи го предвид гореизложеното, како и фактот дека концептот на добро управување претставува неопходен пристап во креирањето на јавните политики во Македонија, за кој пристап нема доволно стручно-научни расправи, со особена чест и задоволство го препорачувам трудот „Добро управување" од авторката доц. д-р Наташа Богоевска за печатење.

Датум — Рецензент

9.6.2011 — Проф. д-р Маја Геровска Митев, с.р.

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски труд
на Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на прифатена тема за изработка на магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Јован Трајковски | "Улогата на транснационалните компании во земјите во развој" | д-р Васил Поповски |
| 2. | Светлана Мијалкова | "Влијанието на менаџментот на човечки ресурси врз конкурентноста на претпријатијата" | д-р Васил Поповски |
| 3. | Виолета Ѓорѓиовска | "Бизнис планот како алатка на финансискиот менаџмент во претпријатијата" | д-р Биљана Ангелова |
| 4. | Милена Паговска | "Значењето на корпоративните обврзници во финансирањето на капиталните инвестиции за раст на компаниите-со посебен осврт на состојбата во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова |
| 5. | Михаил Момировски | "Можности за рурален развој ви Република Македонија-студија на случај" | д-р Наташа Данилоска |
| 6. | Игор Донев | " Развој на ефективен бизнис план како алатка на успехот на новите деловни потфати " | д-р Дејан Пендев |
| 7. | Јорданка Кекеновска | " Концептот на органското производство како услов за одржлив развој со приказ на органска форма за производтство на житарки " | д-р Наташа Данилоска |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК (АСИСТЕНТ) ВО НАУЧНОТО ПОЛЕ ОРГАНИЗАЦИСКИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ, ОБЛАСТ: УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 59. седница одржана на 27.6.2011 година, донесе одлука бр.02-1204/1 за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден соработник од научното поле организациски науки и управување, област: управување со човечки ресурси, во состав: д-р Билјана Ангелова, научен советник/редовен професор, д-р Васил Поповски, научен советник/редовен професор и д-р Верица Јанеска, научен советник/редовен професор.

Конкурсот беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Коха" од 30.4.2011 година. Врз основа на внимателното разгледување на приложената документација од пријавените кандидати, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс се пријавија осум кандидати, кои ги исполнуваат општите и посебните услови содржани во конкурсот. Во продолжение даваме осврт на основните биографски податоци за кандидатите.

### I. Биографски податоци за кандидатите

а) Кандидатката ***м-р Бојаџиевска Андријана*** е родена на 23.10.1985 година во Скопје. Во октомври 2004 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на департментот за менаџмент. Студиите ги завршила со просечна оценка 10,00, а дипломирала во август 2008 година. Истата година се запишала на постдипломски студии од областа на менаџментот на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет во Скопје. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,88, а со успешната одбрана на магистерскиот труд на тема: „Препознавање на виталниот придонес на вработените во создавањето на вредност" во октомври 2010 година се стекнала со степен на образование магистер на економски науки во областа на МБА-менаџментот.

До дипломирањето, поточно во периодот 2006-2008 година, била ангажирана како демонстратор на Економскиот факултет во Скопје и како заменик-претседател во AIESEC Macedonia. Од октомври 2008 до февруари 2009 година работела во Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, а од февруари 2009 до денес е вработена на Европскиот универзитет во Скопје, како наставно-научен соработник по предметите: менаџмент на човечки ресурси, основи на менаџмент и менаџерска економија. Кандидатката наведува дека ги владее англискиот и германскиот јазик и дека поседува компјутерски вештини и способности.

Објавени трудови и научноистражувачка активност:

- Наумовска Л., Бојаџиевска А.: „Нови бизнис модели за развој на компанијата", Годишник на трудови 2009, Европски универзитет-Република Македонија, Скопје, 2009 година;

- Бојациевска А.,: „Развој на човечки ресурси", Годишник на трудови 2010, Европски универзитет-Република Македонија, Скопје, 2010 година;
- предавач на тема: „Плати и надоместоци", на тркалезната маса „Плати и наградување на вработените во време на рецесија", во организација на списанието Global HR на датум 30.6.2010 година во хотел „Holliday Inn".

б) Кандидатката ***м-р Мицева Илина*** е родена на 19.9.1985 година во Гевгелија. Високото образование го завршила во Република Грција на American College of Thessaloniki (ACT) – University Division of Anatolia, каде што се запишала во септември 2004 година, а дипломирала во јуни 2008 година. Своето образование го продолжила на истиот Универзитет каде што се запишала во октомври 2008 година. По завршувањето на мастер студиите во 2009 година се стекнала со звањето магистер по бизнис-администрација на насоката финансии и банкарство.

Кандидатката во периодот октомври 2004 - јуни 2008 година работела како административен асистент на American College of Thessaloniki. Од март 2011 година е вработена во Макотеен ДОО, Гевгелија (Казино Фламинго хотел) како координатор за човечки ресурси. Кандидатката наведува дека активно ги познава англискиот, грчкиот и бугарскиот јазик и дека поседува компјутерски вештини и способности. Досега нема објавени научни и стручни трудови.

в) Кандидатката ***м-р Николовска Ангелина*** е родена на 16.12.1983 година во Скопје. Средно образование завршила во ДСЕПУ „Васил Антевски-Дрен". Во учебната 2002/2003 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на департментот за маркетинг. Додипломските студии ги завршила во 2007 година. На постдипломските студии, насока: претприемништво, во Економскиот институт - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се запишала во 2007 година. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,50, а со успешната одбрана на магистерскиот труд на тема: „Поттикнување на креативноста и иновативноста кај малите и средните претпријатија како клучен фактор за развој на претприемништвото" во јануари 2010 година се стекнала со степен на образование магистер на економски науки.

По дипломирањето, поточно од 20.8.2007 до 20.8.2009 година, работела во ТТК Банка А.Д.-Скопје. Во периодот 2002-2010 година учествувала на повеќе семинари и обуки. Кандидатката наведува дека активно ги познава англискиот и германскиот јазик и дека поседува компјутерски вештини и способности. Досега нема објавени научни и стручни трудови.

г) Кандидатката ***м-р Павлоска-Ѓорѓиоска Дори*** е родена на 28.1.1977 година во Крушево. Додипломски студии запишала на Економски факултет во Прилеп на економско–статистичко– кибернетската насока. Своето образование го продолжила на Економскиот факултет Davis and Elkins College, Elkins West Virginia, во САД. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија во 2001 година. Своето образование го продолжила на МБА (мастер на деловна економија) на Sheffield University, Шефилд, Велика Британија, каде што магистрирала на тема: „Бизнис планирање и евалуација на проектот за инвестиција во млекара". Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија во 2007 година. Во март 2009 година пријавила докторат на Првиот приватен европски универзитет во Скопје на тема: „Инвестициите на странските донатори во земјоделскиот сектор на Република Македонија". Кандидатката има остварено повеќе кратки студиски престои во странство, а исто така посетувала и семинари и обуки во земјава, главно од областа на агробизнисот и користењето на странски фондови во

земјоделското производство. Кандидатката наведува дека добро ги познава странските јазици, како англиски и француски јазик. Исто така, поседува и копјутерски знаења за МС-апликациите.

Кандидатката има богато работно искуство преку краткорочно ангажирање на разни проекти во земјава. По дипломирањето во јуни 2000 година се вработила на Проектот за маркетинг-активност на Македонија, финансиран од USAID и имплементиран преку Land O Lakes, во Скопје, како специјалист за развој на бизнис. На овој проект се задржува до 2003 година. Од август 2003 до јануари 2006 година е вработена на Проектот за конкурентност на Македонија, имплементиран преку проектната канцеларија на USAID, како советник за конкуретност на кластерот за туризам на Р.Македонија. Од јануари до март 2006 година работела како помошник за мониторинг, анализи, поддршка во креирањето политики и координација, во Министерството за правда на Република Македонија. Од март 2006 година до јуни 2007 работела како аналитичар на политика и стратегија за поддршка на земјоделски здруженија во Р.Македонија на проект финансиран од шведската агенција SIDA во Скопје. Од јули 2007 до септември 2007 има краткорочен ангажман на проектот „Подготовка на национална стратегија за развој на туризам 2008 - 2012". Потоа се ангажирала како тренер во бизнис start up центар во Приштина. На слични ангажмани работела и како евалуатор на бизнис start up центарот во Битола. Од август 2007 до јули 2010 е ангажирана како проект-координатор на земјоделски здруженија, проект финансиран од шведската агенција SIDA. Во рамките на овој проект од ноември 2008 до јуни 2009 била координатор на балканската мрежа на земјоделски здруженија, проект финансиран од шведската агенција SIDA. Кандидатката има релативно кусо работно искуство во образованието, кое го стекнува како професор по меѓународен маркетинг и продажба на Меѓународниот бизнис колеџ во Косовска Митровица, Косово, кадешто е тековно ангажирана. Кандидатката нема објавено ниту еден научен или стручен труд.

д) Кандидатката ***м-р Ременска Трајана*** е родена на 29.1.1957 година во Кавадарци. Во јули 1982 година дипломирала на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката производно машинство (подонасока: организација на производство). Во учебната 2009/2010 година се запишала на постдипломски студии на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на студиската програма: менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 8,87, а со успешната одбрана на магистерскиот труд на тема: „Лидерството во локалната самоуправа во неколку општини во градот Скопје" во април 2011 година се стекнала со степен на образование магистер на науки од областа менаџмент на човечки ресурси во јавната администрација и социјалните дејности.

Кандидатката има повеќе од десетгодишно работно искуство како професор по стручно-теоретски предмети во средни-стручни училишта. Исто така, работела како технолог во ФАС „11 Октомври", а денес е вработена на позицијата раководител во Ремонт на пруги АД-Скопје. Освен тоа, таа има забележителни општествено-граѓански активности во повеќе здруженија и невладини организаци. Кандидатката наведува дека одлично го владее англискиот јазик и има одлични компјутерски познавања. Автор е на прирачникот: „Техничко цртање со нацртна геометрија за средните училишта", објавен во 1994 година.

ѓ) Кандидатката ***м-р Ристовска Наташа*** е родена на 18.10.1981 година во Скопје. Средно образование - гимназија завршила во ДУСО „Орце Николов" во Скопје. Во октомври 2000 година се запишала на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката финансиски менаџмент. Студиите ги завршила со просечна оценка 9,03, а дипломирала во ноември 2004 година. Во 2004 година

се запишала на постдипломски студии на Универзитетот „Нант“ во Франција, а во март 2006 година со одбраната на магистерскиот труд се стекнала со академски степен магистер по бизнис-администрација – МБА-менаџмент (дипломата е нострифицирана од Министерството за образование и наука на 22.11.2006 година). Во септември 2009 година пријавила докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од јуни до декември 2005 година работела како асистент во департментот за продажба при York France-Nantes (од 2005 составен дел на Jonhson Controls INC). Од февруари 2006 до денес е вработена како асистент по предмети од областа на менаџментот (меѓународен менаџмент и меѓународна трговија) при Европскиот универзитет во Република Македонија. Кандидатката наведува дека има напредно познавање на англискиот и францускиот јазик. Исто така, таа има солидни компјутерски познавања.

Објавени трудови и научноистражувачка активност:

- „Стратегиско планирање како значаен инструмент на менаџментот“, *Годишник на трудови на Европскиот универзитет во Република Македонија*, година 1, број 1, Скопје, 2008 година;
- „Ценовни стратегии на банките“, Советување на тема: Примената на маркетингот во банките, Македонско здружение за маркетинг - *Маркетинг*, 6 и 7 ноември 2008 година, Скопје;
- „Оданочување на приходите од вработување во Република Македонија“, *Зборник на трудови на Европскиот универзитет во Република Македонија*, Скопје, 2008 година;
- „Избор на метод за влез на странски пазари: мерџери и аквизиции наспроти greenfield инвестиции“, *Годишник на трудови на Европскиот универзитет во Република Македонија*, година 2, број 2, Скопје, 2009 година;
- „Маркетинг буџетот во услови на економска криза“, Советување на тема: Маркетингот во рецесија, Македонско здружение за маркетинг - *Маркетинг*, Скопје, ноември 2009 година;
- „Маркетинг планирање во глобалните претпријатија“, Меѓународна научна конференција: Европски пат кон иднината, *Годишник на трудови на Европскиот универзитет во Република Македонија*, Скопје, 2011 година;

е) Кандидатката ***д-р Ирена Андрееска*** е родена на 23.5.1975 година во Скопје. Средно образование завршила во УСО „Св. Климент Охридски“ во Охрид. Во октомври 1995 година се запишала на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на насока: царина и шпедиција. Студиите ги завршила со просечна оценка 9,00, а дипломирала во март 1999 година. Во 2002 година се запишала на постдипломски студии на Економскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока: меѓународна економија. Предвидените испити ги положила со просечна оценка 9,00, а со успешната одбрана на магистерскиот труд на тема: „Феноменот на сиромаштија во глобалната економија со посебен осврт на состојбите во Република Македонија“ во февруари 2007 година се стекнала со степен на образование магистер на економски науки. Во декември 2007 година ја пријавила докторската дисертација на тема: *Глобалната финансиска архитектура и феноменот на сиромаштија*, на Економскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со одбраната на докторската дисертација во март 2010 година се стекнала со научен степен доктор на економски науки.

До дипломирањето, поточно во периодот 1995-1999 година, е активен член на AIESEC - невладина студентска организација. Од септември 1999 до октомври 2000 година работела во Агенцијата за локална демократија-Охрид под покровителство на Советот на

Европа, а од ноември 2000 до јуни 2001 во претпријатијата за производство на електронска опрема: ДИПО, ПАП и ПАП КОМПАНИ. Од јуни 2001 до март 2003 година е вработена во Комерцијална банка АД Скопје - филијала Охрид, а потоа работи во Комерцијална банка АД-Скопје. Во учебната 2010/2011 година е избрана за наставник во насловно наставно-научно звање за група предмети од областа на економските дисциплини на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, како наставник за предметот основи на маркетинг. Во периодот 1997-2011 година учествувала на повеќе семинари и обуки. Кандидатката наведува дека одлично го владее англискиот јазик и има основно познавање на германскиот и италијанскиот јазик. Исто така, таа има одлични компјутерски познавања.

Објавени трудови и научноистражувачка активност:

- „Глобализацијата како светски процес", *Економија и бизнис*, Скопје, октомври 2007 година;
- „Економската глобализација и неолиберализмот", *Економија и бизнис*, Скопје, ноември 2007 година;
- „Сиромаштво у ери глобализације", *GM Biznis&Lifestyle*, Белград, декември, 2007 година;
- „Глобализацијата, сиромаштијата и нестабилноста во светот" (ко-автор проф. д-р Наталија Николовска), Меѓународна научна конференција *Глобализацијата, мирот и безбедноста*, Министерство за одбрана на Република Македонија, Филозофски факултет - Скопје, Институт за одбранбени и мировни студии, Скопје, 2008 година;
- „Глобалистите и антиглобалистите за глобализацијата", *Економија и бизнис*, Скопје, јануари 2008 година;
- „Отворени дилеми и прашања за процесот на глобализација", *Економија и бизнис*, Скопје, февруари 2008 година;
- „Сиромаштијата, нееднаквоста и благосостојбата во Република Македонија", *Правник*, Скопје, јануари 2008 година;
- „Стратегии и инструменти за излез од сиромаштијата, во Република Македонија", *Правник*, Скопје, февруари 2008 година.

ж) Кандидатката ***д-р Ирина Владимир Мајовски*** е родена во Скопје, на 2.2.1977 година. Основно и средно образование завршила во Скопје, со континуиран одличен успех. Во учебната 1995/1996 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје, отсек: англиски јазик и книжевност и американска книжевност, како втор главен предмет и на истиот факултет дипломирала во февруари 2000. Во истата 2000 година се запишала на постдипломски студии, на насоката менаџмент, при Универзитетот "Sheffield" во Солун, Грција. Магистрирала во мај 2002 година, по успешното положување на предвидените испити и изработката на магистерскиот труд од областа на менаџментот на човечки ресурси на тема: „Мотивација на вработени при организациски промени" под менторство на проф. д-р Leslie Szamozi. Кандидатката д-р Ирина Мајовски своето образование го продолжила во областа на управување на човечки ресурси со пријавувањето на докторската дисертација на тема *Влијанието на стратешкиот менаџмент на човечки ресурси врз организациските перформанси кај деловните субјекти во Република Македонија* на Економскиот институт во Скопје во јануари 2008 година. По успешната јавна одбрана на докторската дисертација, со одлука на Комисијата за оцена и одбрана на 27.10.2010 година се стекнала со научен степен доктор на економски науки.

Својата професионална кариера кандидатката д-р Ирина Мајовски ја започнала во јуни 1999 година во француската невладина организација Pharmaciens Sans Frontieres C.I., кадешто била ангажирана за имплементација на проект на ECHO (European Commmission

– Humanitarian Aid and Civil Protection) за поддршка на примарното и секундарното здравство во Република Македонија. Во август 2002 година се вработила во данската невладина организација Danish Refugee Council кадешто работела на имплементација на повеќе проекти, финансирани од организации како UNHCR, EAR, KfW, Danida, насочени пред сé кон економската и социјална ревитализација на населението во постконфликтните региони во Македонија, генерирање на приходи, како и градење на капацитети на граѓански општества во Република Македонија. Во февруари 2005 година се вработила на Факултетот за општествени науки во Скопје, подоцна Европски универзитет - Скопје, како лектор по деловен англиски јазик на факултетите за економски науки, правни и политички науки, и информатички технологии. Од септември 2006 година е вработена на Факултетот за бизнис економија во Скопје, како виш лектор по деловен англиски јазик и асистент-предавач во областа на менаџментот на човечки ресурси.

Д-р Ирина Мајовски активно ги познава англискиот и францускиот јазик, а има скромни познавања и од грчкиот јазик. Во последната деценија таа постојано ги надоградува и проширува своите сознанија, вештини и компетенции преку посетување на обуки и континуирано следење на научната и стручната литература од областа на менаџментот на човечките ресурси.

Кандидатката д-р Ирина Мајовски во својата научноистражувачка активност е ориентирана кон проучување и анализа на областа на управувањето со човечки ресурси и организациското управување. Притоа, во нејзините проучувања централно место заземаат современите практики на менаџментот на човечки ресурси и нивното влијание врз организациските перформанси. Нејзината научноистражувачка активност вклучува активно учество во изработка на проекти, објавување на резултатите од истражувањата во стручни списанија, научни собири и конференции.

Објавени трудови и научноистражувачка активност:

- *"Евалуација на 'најдобри практики' (best practice) на менаџмент на човечки ресурси во фирмите со приватен капитал во Р. Македонија"*, Зборник на национална научна конференција, ЈИЕ - универзитет, Тетово, 2009;
- *"Strategic HRM and organizational performance: A review of 'best fit'-'best practice' debate"*, CEA Journal of Economics, Vol.3 Iss.2, 2008;
- *"Motivating Language – ML as a tool in superior-subordinate relations during organizational change: a case study in Macedonia"*, CEA Journal of Economics, Vol.2 Iss.2, pp.5-17, 2007;
- *„Социјалната сигурност и развојот"*, Зборник на трудови од меѓународна научна конференција: Современите предизвици во теоријата и праксата на социјалната работа и социјалната политика, Скопје, 2007;
- *"Benchmarking the Use of Motivating Language During Organizational Change in South-Eastern Europe"*, in D. Kantarelis (ed), Global Business & Economics Review – Anthology, 2004, pp. 504-514;
- проект: "*Multi-ethnic Labor Force Integration in Transition Economies: A Case Study of Macedonia*", State Department's Title VIII Research Program, University of Delaware, U.S. Department of State's Bureau of Intelligence and Research, 2008;
- Национална конференција на тема: „*Практики на менаџмент на човечки ресурси во претпријатијата во Република Македонија*", ЈИЕ - универзитет, Тетово, 2009 година;
- Меѓународна конференција за бизнис и економија ("*Business and Economics Society International Conference*"), Република Грција, 2004 година;
- Developed Human Resource Practices in Macedonian Companies (co-author: Biljana Angelova), Economic Development, Year 12, No. 3/2010, Institute of Economics - Skopje (рецензиран труд во печат).

**II. Заклучок и предлог на Комисијата**

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и изнесените информации за научната активност на пријавените кандидати за избор на еден соработник во научното поле организациски науки и управување, област: управување со човечки ресурси, Комисијата со задоволство констатира дека речиси сите пријавени кандидати ги исполнуваат општите услови за избор во ова звање. Притоа, од осумте пријавени кандидати шест се магистри, а двајца имаат научен степен доктор на науки. Оттаму, со самото тоа што имаат повисок степен на образование во потесен избор се издвојуваат кандидатките д-р Ирена Андреевска и д-р Ирина Мајовски. Според постигнатите резултати во текот на нивното образование и работно искуство на кандидатите, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатката д-р Ирина Мајовски има докторска дисертација од областа на управувањето со човечки ресурси, која соодветствува на областа за која е распишан конкурс за избор на еден соработник;
2. од списокот на објавените трудови и нивната содржина, како и од досегашната научноистражувачка активност на двете кандидатки, Комисијата утврди дека кандидатката д-р Ирина Мајовски има објавено повеќе трудови од областа на управувањето со човечките ресурси во релевантни научни списанија и мошне активно работи на истражувања од оваа област;
3. преку досегашната работа на високообразовна институција, односно шестгодишно искуство како асистент-предавач во областа на менаџментот на човечки ресурси, кандидатката д-р Ирина Мајовски се издвојува и според стекнатото наставно искуство.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката д-р Ирина Мајовски во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор и вработување на еден соработник од областа менаџмент на човечки ресурси. Оттаму, Комисијата му **предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје да ја избере д-р Ирина Мајовски во звањето асистент во научното поле организациски науки и управување, област: управување со човечки ресурси.**

Скопје, 21.7. 2011 година

**Рецензентска комисија**

1. **Д-р Билјана Ангелова**
научен советник/редовен професор

_______________________с.р.

2. **Д-р Васил Поповски**
научен советник/редовен професор

_______________________с.р.

3. **Д-р Верица Јанеска**
научен советник/редовен професор

_______________________с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ-СИСТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на 20.VI.2011 година, по повод распишаниот конкурс објавен во дневниот весник „Дневник" од 5.V 2011, формира Комисија за избор на соработник во звањето – асистент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент-системи, во следниов состав: проф. д-р Љубомир Дракулевски, проф. д-р Сашо Јосимовски и проф. д-р Димитар Трајанов.

Комисијата ги разгледа поднесените пријави и го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на соработник во звањето асистент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент-системи, објавен во дневниот весник „Дневник" од 5.V 2011 година се пријави кандидатката д-р Смилка Јанеска-Саркањац.

## I. Податоци за кандидатката

Смилка Јанеска-Саркањац е родена во Прилеп, на 12.I 1968 година. Во 1992 година завршила Електро-технички факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока: компјутерска техника и автоматика, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран електротехнички инженер. Во 2005 година се запишала на постдипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката МБА-менаџмент, и магистрирала во 2009 година со темата „Информационата технологија во стратегијата на претпријатието". Во септември 2009 година на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје прифатена е тема за изработка на нејзината докторска дисертација под наслов „Стратегиски модели на е-Управување". На 20.VI 2011 година ја одбранила нејзината докторска дисертација и се стекнала со научниот степен доктор на економски науки.

*Работно искуство:*

- Од 2009 до денес: Асистент - предавач на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје. Предава на следниве факултети, и тоа предметите:
  - информациски системи, на студентите од трета година на Факултетот за компјутерска техника и информатика, 2009/2010 - зимски семестар;
  - Information Systems, на студентите од трета година на Факултетот за компјутерска техника и информатика, на англиски јазик, 2009/2010 - зимски семестар;
  - Computer Applications, на студентите од прва година на Факултетот за бизнис администрација, на англиски јазик 2009/2010 - летен семестар;
  - информациски системи, на студентите од трета година на Факултетот за компјутерска техника и информатика, 2010/2011 - зимски семестар;

- Information Systems, на студентите од трета година на Факултетот за компјутерска техника и информатика, на англиски јазик, 2010/2011 - зимски семестар;
- Computer Systems, на студентите од прва година на Факултетот за компјутерска техника и информатика, на англиски јазик, 2010/2011 - летен семестар.

- 2007: Сениор ИТ-експерт на Европската агенција за реконструкција, задолжена за воспоставување на ИТ-сектор во Платежната агенција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, Скопје.

- 2002 – 2011: Директор на секторот за информатика во „Еуролинк осигурување“ - Скопје. Го воспоставила од самото основање на претпријатието и го води комплетниот ИТ-сектор во претпријатието. Водач е на експертски тим кој активно учествувал, како коавтор во изработка на Интегрален информациски систем за осигурување, кој комплетно ја автоматизира работата на осигурителното друштво. Раководела со дизајн, поставување и одржување на локална компјутерска мрежа, интернет и мрежни конекции, веб-страница на друштвото и сите активности поврзани со информациската и комуникациската технологија. Член е на Стручната комисија на Националното биро за осигурување која успешно го спровела Проектот за централизирана администрација на задолжително осигурување од автоодговорност во Република Македонија.

- 1994 - 2002: Водач била на проекти за апликативен софтвер во КЈУБИ Македонија, Скопје. Член била на водечкиот тим кој успешно ја спровел миграцијата на информацискиот систем на претпријатието од меинфрејм на клиент-сервер архитектура базирана на UNIX/Oracle платформа со повеќе од 30 сервери и 600 клиенти. Дизајнирала, развивала, тестирала и имплементирала најнова технологија на информациски решенија во најголемото осигурително друштво во земјата. Активно учествувала во сите фази на изработката на core-business апликацијата, од моделот во првата фаза до тестирање и имплементација во последната фаза, водејќи неколку од клучните бизнис-сегменти.

- 1994: ИТ-администратор, ЛАН-администратор, програмер – аналитичар во „Радобанк“ Скопје, мала банка во формирање.

- 1992 – 1993: Програмер – аналитичар во „Ултра компјутинг“ - Скопје. Дизајнирала и развивала модули во Clipper за повеќе области. Соработувала со клиенти, анализирала бизнис-процеси, дизајнирала и кодирала апликативни програми, вршела инсталација, имплементација и обука на корисниците.

_Позначајни ИКТ-проекти:_

1. ИТ-менаџер, водач на проектот за изработка на интегриран информациски систем за осигурување, кој ја автоматизира и интегрира комплетната работа на осигурителна компанија. Водач на тимот од страна на

„Еуролинк осигурување", кој е и коавтор на системот, според чија спецификација е изграден информацискиот систем од страна на Ултра ДОО-Скопје. Во текот на наредните години, информацискиот систем е продаден речиси на половина од осигурителните компании на македонскиот пазар и на неколку осигурителни компании од странство, „Еуролинк осигурување", Скопје, 2003-2011.

2. ИТ-менаџер, задолжена за воспоставување, организирање и раководење со комплетен ИТ-сектор во „Еуролинк осигурување", од основањето на компанијата – LAN-мрежи, поврзување со интернет, VPN-поврзувања со подружници, телефонски конекции, сервери, компјутерска и останата хардверска поддршка, системски софтвер, бази на податоци, лиценци и др., Скопје, 2002-2011.
3. ИТ-менаџер - изготвувач на спецификација на функционалности и нарачател на систем за менаџмент на документи, добавувач: МБС системи, „Еуролинк осигурување", Скопје, 2008.
4. ИТ-менаџер - изготвувач на спецификација на функционалности и нарачател на Веб страна на Еуролинк Осигурување, Скопје, 2003, 2006, 2009.
5. Сениор ИТ-експерт на Европската агенција за реконструкција, задолжена за воспоставување на ИТ-сектор во Платежната агенција при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија, Скопје, 2007.
6. Член била на Комисијата која го спровела проектот за централизирана администрација на задолжително осигурување од автоодговорност во Република Македонија при Националното биро за осигурување, задолжена за спецификација на барањето за понуди за проектот, евалуација на понудите, избор на најповолен понудувач и соработка со изведувачот на софтверското, хардверското и комуникациското решение за реализација на целите на проектот, Скопје, 2007-2009.
7. Водач била на проекти за апликативен софтвер во КЈУБИ Македонија, Скопје. Водач била, исто така, и на тимовите за миграција од мејнфрејм компјутери кон клиент-сервер платформа, со Oracle-база на податоци и Oracle-алатки, од анализа на барањата, преку дизајн на модел, креирање на бази на податоци, програмирање, тестирање, имплементација и обука на корисниците во следниве области:
   а. имотно осигурување
   б. кадровска евиденција
   в. плати
   г. камати
   д. реосигурување
   ѓ. животно осигурување и др.
8. ИКТ-администратор - воспоставува ИТ-сектор во новоформирана банка, администрира и инсталира десктоп компјутери и мрежа, развива банкарски софтвер во Clipper, „Радобанк", Скопје, 1994.
9. Член била на тимот во Ултра ДОО-Скопје за развој на банкарски софтвер за банки во Clipper, Скопје, 1992-1993.

*Стручни и научни трудови:*

1. Janeska-Sarkanjac Smilka, Mission Report, ICT Department for Macedonian Agency for Financial Support in agriculture and Rural Development (AFSARD), *MAFAWE Structural and Legal Reform*, Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy, Republic of Macedonia, 2007.
2. Јанеска-Саркањац Смилка, „Информационата технологија во стратегијата на претпријатието", магистерски труд, Скопје, 2009.
3. Јанеска-Саркањац Смилка, „Стратегиски модели на е-Управување", докторска дисертација, Скопје, 2011.
4. Janeska-Sarkanjac Smilka, 'Adapting Henderson and Venkatraman's Theory to e-Governance', *First International Conference on Emerging Research Paradigms in Business and Social Sciences*, Track 6: Information and Knowledge Management (Including Information and Communication Technology), Dubai, 2011.

**II. Заклучна оцена и предлог**

Откако ја разгледа пријавата на кандидатката со сите приложени документи, Комисијата врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, одлучи да предложи д-р Смилка Јанеска-Саркањац да биде избрана во соработничко звање - асистент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент-системи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Комисијата е убедена дека се работи за вреден и одговорен соработник со истакнати комуникациски и аналитички способности. Кандидатката има забележително искуство во спроведување успешни проекти од практиката, искуство во наставната дејност и покажува висок квалитет во своите научни истражувања. Спојот на образованието и искуството од информациските технологии и областа на менаџментот, успешно го синтетизира и во научните истражувања и во наставата.

Врз основа на претходно истакнатото, Комисијата констатира дека кандидатката **д-р Смилка Јанеска-Саркањац** ги исполнува критериумите за избор во соработничко звање асистент, и со задоволство му предлага на наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, **д-р Смилка Јанеска-Саркањац да биде избрана во звањето асистент по предметите од наставно-научната област бизнис и менаџмент-системи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.

Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.

Проф. д-р Димитар Трајанов, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Во врска со конкурсот за избор во звањето помлад асистент, објавен во „Дневник" на 5.V 2011 год., Деканатската управа на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на својата седница одржана на 20.VI 2011 година, нè определи за членови на Рецензентската комисија за избор на помлад асистент по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Врз основа на доставените материјали и документи, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во „Дневник" на 5.V 2011 година, се пријавија пет кандидати, и тоа: м-р Петре Ламески, м-р Катарина Тројачанец, м-р Милош Јовановиќ, м-р Андреја Наумоски и м-р Огнен Спироски. Кандидатот м-р Андреја Наумоски, на 30.V 2011 година, поднесе молба за повлекување на доставените документи за конкурсот објавен на 5.V 2011 за избор во звањето помлад асистент.

## I. Кандидат: Петре Ламески, магистер по електротехника и информациски технологии

**Биографски податоци**

М-р Петре Ламески е роден на 13.III 1985 година во Кавадарци. Основно образование завршил во ОУ „Димката А. Габерот" во Кавадарци, а средното образование го оформил во гимназијата „Добри Даскалов" во Кавадарци. Во текот на основното и средното образование активно учествувал на регионални, државни и меѓународни натпревари по математика, информатика и физика, освојувајќи повеќе награди и признанија.

Во 2003 година се запишал на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика. Просечниот успех од неговите студии е 10,00. Во текот на студирањето континуирано бил наградуван за успешно завршување на студиските години. Дипломирал на 27.VI 2008 година со дипломска работа „Снаоѓање на роботи во затворен простор" под менторство на доц. д-р Андреа Кулаков.

Во октомври 2008 се запишал на магистерски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии, насока интелигентни информациони системи. По успешното полагање на предвидените испити со просечна оценка 10,00 и предавањето и одбраната на магистерскиот труд со наслов „Локализација на мобилни роботи со користење на активна перцепција" под менторство на доц. д-р Андреа Кулаков, на 3.VI 2010 се стекнал со научниот назив

магистер по електротехника и информациски технологии, потесна специјалност: интелигентни информациони системи.

Почнувајќи од септември 2008 година работи како демонстратор избран на Наставно-научниот совет на Институтот за компјутерска техника и информатика при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик.

**Наставно-педагошка дејност**

За време на работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на Институтот за компјутерска техника и информатика, м-р Петре Ламески држел аудиториски и/или лабораториски вежби по следниве предмети: дистрибуирани компјутерски системи, вовед во роботика, вештачка интелигенција, мобилни информациони системи, информациони системи, бази на податоци 2, алгоритми за анализа на податоци и сензорски системи.

Од февруари 2004 до мај 2006 бил волонтер-едукатор по информатика во Вавилон центарот Карпош – Скопје каде што држел предавања по Microsoft Windows, Word и Excel на личности на возраст од 8 до 27 години.

**Научна и стручна дејност**

Кандидатот м-р Петре Ламески ги објавил следниве трудови на меѓународни конференции:

[1]Zdravevski, E., Lameski P., Kulakov A., "Weight of evidence as a tool for attribute transformation in the preprocessing stage of supervised learning algorithms" , (To appear in) *IEEE 2011 International Joint Conference on Neural Networks*, San Jose, California , July 31 - August 5 2011.

[2]Lameski, P., Kulakov, A., "Mobile Robot Environment Learning and Localization Using Active Perception", *ICT Innovations 2010 – Ohrid, Springer Berlin Heidelberg*, ISBN: 978-3-642-19325-5, pages 236-244, DOI: 10.1007/978-3-642-19325-5_24.

[3]Lameski, P., Kulakov, A., "Position Estimation of Mobile Robots Using Unsupervised Learning Algorithms" – *ICT Innovations 2009 - Ohrid, Springer Berlin Heidelberg*, ISBN: 978-3-642-10781-8, pages 95-193, DOI: 10.1007/978-3-642-10781-8_11.

[4]Lameski, P., Kulakov, A., Davcev, D., "Learning and position estimation of a mobile robot in an indoor environment using FuzzyART neural network", *IEEE/ ASME International Conference on Advanced Intelligent Mechatronics*, 2009. AIM 2009. 14-17 July 2009 Singapore, On page(s): 770 – 774, Print ISBN: 978-1-4244-2852-6, DOI: 10.1109/AIM.2009.5229917.

Во [1] е опишана трансформација на атрибути во податочни множества со помош на модифицирана „тежина на факти" со која се овозможува отстранување на недостатоците на обичната тежина на факти. Во трудот е покажано дека предложената трансформација дава подобри резултати во сите алгоритми за класификација во однос на методот за генерирање на бинарни променливи за секоја од вредностите на номиналните атрибути.

Во [2] станува збор за локализација на мобилни роботи преку одредување на просторијата во која се наоѓа роботот. Роботот користи сакадични секвенци од SURF-дескриптори и генерира база од секвенци за секоја просторија. Потоа, со

споредување на секвенците, се обидува да ја определи просторијата во која се наоѓа. Добиени се резултати со и без сакадични секвенци и пристапот со сакадични секвенци дава подобри резултати во поглед на прецизноста на системот за локализација. Резултатите се споредени и со резултатите добиени од луѓе за исти податоци и се забележува слично поведение на луѓето и на роботот во поглед на прецизноста и одѕивот при определување на просторијата.

Во [3] е имплементиран систем за определување на позицијата на робот во затворен простор со користење на техники на ненадгледувано учење. Роботот ги учи и ги определува состојбите врз основа на отчитувањата од сензорот за далечина во повеќе правци во секоја позиција. Во овој труд направена е споредба на два алгоритма, FuzzyART и GNG во поглед на прецизноста на локализацијата. Тестирањата се извршени на реален робот во реална околина.

Во [4] е опишан систем за учење на состојбите во затворена средина од страна на мобилен робот со цел да се овозможи определување на позицијата на роботот. За учење на состојбите се користат податоците од сензорот за далечина и се користи алгоритамот FuzzyART. Направена е евалуација на системот во поглед на прецизноста. Тестирањата се извршени на реален робот во реална околина.

## II. Кандидат: Катарина Тројачанец, магистер по електротехника и информациски технологии

**Биографски податоци**

М-р Катарина Тројачанец е родена на 15.II 1986 во Куманово, Р. Македонија. Основно и средно училиште завршила во Прилеп, со континуиран одличен успех. Во текот на основното и средното образование редовно учествувала на регионални и државни натпревари по физика и математика на кои освоила повеќе награди.

Во учебната 2004/2005 година се запишала на редовни студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма информатика и компјутерско инженерство. Титулата „инженер по електротехника и информациски технологии" ја стекнала на истиот Факултет на 27.VI 2008 год., кога го одбранила дипломскиот труд под наслов „Употреба на Габор филтри за анализа на слики" под менторство на проф. д-р Драган Михајлов. Студирањето го завршила со просечна оценка 10,00. Во текот на образованието на Факултетот за електротехника и информациски технологии била континуирано наградувана за успешното студирање. Како најдобар дипломиран студент од генерацијата на Факултетот за електротехника и информациски технологии добитник е на наградата „Инженерски прстен" која ја доделува Инженерската институција на Македонија.

Во ноември 2008 година се запишала на магистерските студии при Факултетот за електротехника и информациски технологии на студиската програма софтверско инженерство. Успешно ги положила предметите предвидени со студиската програма со просечна оценка 10,00. На 10.V 2010 успешно ја одбранила магистерската теза со наслов „Систем за содржински базирано пребарување на слики од магнетна резонанца" под менторство на проф. д-р Сузана Лошковска.

Своето прво работно искуство го стекнала како демонстратор на Европскиот универзитет на Факултетот за информатика, од март до септември 2008 година. Од октомври 2008 година до денес работи како демонстратор избран на

Наставно- научниот совет при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје на Институтот за компјутерска техника и информатика и е одговорна за изведување на аудиториските и лабораториските вежби по повеќе предмети и учествува во научноистражувачката работа од областа на компјутерската наука.

Течно зборува англиски јазик и има познавања од германскиот јазик.

Кандидатката е член на IEEE и ISMRM.

**Наставно-педагошка дејност**

М-р Катарина Тројачанец за време на работењето на Факултетот за информатика при Европскиот универзитет држела аудиториски вежби по предметот софтверски дизајн. На Институтот за компјутерска техника и информатика при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје држела аудиториски и/или лабораториски вежби по следниве предмети: структурирано програмирање, објектно-ориентирано програмирање, интернет-програмирање и кориснички интерфејси.

**Научна и стручна дејност**

Кандидатката Катарина Тројачанец ги објавила следниве трудови на домашни и меѓународни конференции:

[1] Trojacanec, K., Madjarov, Gj., Gjorgjevikj, D., and Loskovska, S., "Hierarchical Classification Architectures Applied to Magnetic Resonance Images", (To appear in) *Proceedings of the 33rd International Conference on Information Technology Interfaces* (ITI). Cavtat/Dubrovnik, Croatia, June 2011.

[2] Trojacanec, K., Madjarov, Gj., Loskovska, S., Gjorgjevikj, D., "Towards Improving Magnetic Resonance Image Classification", *18th Telecommunications forum TELFOR 2010*, Serbia, Belgrade, November 23-25, 2010.

[3] Trojacanec, K., Madjarov, Gj., Loskovska, S., Gjorgjevikj, D., "Hierarchical Classification of Magnetic Resonance Images", *Proceedings of 13th International Multiconference - Information Society 2010*, Ljubljana, Slovenia, 2010.

[4] Kitanovski, I., Trojacanec K., and Loskovska, S., "Influence of Segmentation over Magnetic Resonance Image Classification", *Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference*, Ohrid, Macedonia, September 2010.

[5] Trojacanec, K., Kitanovski, I., and Loskovska, S., "Improving Content Based Retrieval of Magnetic Resonance Images by Applying Graph Based Segmentation", *Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference*, Ohrid, Macedonia, September 2010.

[6] Trojacanec, K., Madzarov, Gj., Gjorgjevikj, D., and Loskovska, S., "Classification of magnetic resonance images", *Proceedings of the 32nd International Conference on Information Technology Interfaces (ITI)*, Cavtat/Dubrovnik, Croatia, June 2010, pp. 585-590.

[7] Trojacanec, K., Kitanovski, I., Loskovska, S., "Comparison of Classification Techniques Applied to Magnetic Resonance Images", *Proceedings of the 7th International Conference for Informatics and Information Technology*, 2010.

[8] Trojacanec, K., Mirceva G., and Davcev, D., "Application of Edge Histogram Descriptor and Region Shape Descriptor to MRIs", *The first ICT Innovations 2009 conference*, Ohrid, Macedonia, September 2009.

[9] Trojacanec, K., Dimitrovski, I., Loskovska, S., "Texture-Based Descriptors Applied to Magnetic Resonance Images", *9-th International Conference Electronics,*

*Telecommunications, Automatics and Informatics* (ETAI 2009), Ohrid, Macedonia, 2009.

[10] Trojacanec, K., Dimitrovski, I., Loskovska, S., "Content Based Image Retrieval In Medical Applications: An Improvement Of The Two-Level Architecture", *IEEE Region 8 Eurocon 2009 Conference*, 18-23 May 2009 St. Petersburg, Russia, pp. 138-141.

Во [1] е предложена генерализирана архитектура за хиерархиска класификација на хиерархиски организирано множество од слики од магнетна резонанција. Анализирани се два специфични случаја на архитектурата, и тоа: три-нивовска хиерархиска архитектура базирана на SVM-класификатори и три-нивовска хиерархиска архитектура базирана на ANN-класификатори. Од направените истражувања се заклучува дека SVM-базираната архитектура дава подобри резултати од ANN-базираната архитектура. Предложената архитектура во трудот нуди можност за спроведување на понатамошни истражувања.

Во [2] е предложена и истражувана три-нивовска хиерархиска архитектура за класификација. Нејзините перформансите се тестирани на слики од магнетна резонанција. Од направените испитувања може да се заклучи дека предложената архитектура дава подобри резултати при класификација на сликите од магнетна резонанција во споредба со дво-нивовска хиерархиска архитектура и обична (нехиерархиска) класификација кои се истражувани во [3].

Во [4] и [5] е направена евалуација на неколку класификатори применети на слики од магнетна резонанција. Истражувањата се спроведени во два случаја: со и без примена на граф-базирана техника за сегментација. За опишување на сликите се користат седум дескриптори. Резултатите од класификацијата се анализираат во сите седум случаи. Како резултат на испитувањето спроведено на слики од магнетна резонанцијаа, техниката за сегментација доведува до подобри резултати од пребарувањето кога сликите се опишани со хистограм на рабови, дескриптор за облици базиран на региони и вејвлет-трансформации.

Целта на трудовите [6] и [7] е да се направи споредба на грешката при класификација на слики од магнетна резонанца со примена на повеќе класификатори меѓу кои: машини со носечки вектори (SVM) со различни стратегии за повеќекласна класификација, невронски мрежи, метод на к најблиски соседи, C4.5 алгоритам. За опишување на сликите се применети различни техники за извлекување на карактеристики.

Во [8] е направена евалуација на дескрипторите хистограм на рабови и дескриптор за облици базиран на региони. За тестирање се користени слики од магнетна резонанција обезбедени од ImageCLEF 2008. Од направената анализа се заклучува дека со примена на дескрипторот хистограм на рабови се добива поголема прецизност при содржински базирано пребарување на сликите од магнетна резонанција. Дополнително е направено испитување со усреднување на излезните резултати од двата дескриптора, што доведува до уште подобри резултати. Како резултат на анализата на дескрипторите за текстура применети за опишување на истите слики во [9] се заклучува дека најдобри резултати од пребарувањето се добиваат кога сликите се опишани со Тамура-карактеристики.

Во [10] е предложено можно решение за подобрување на постојна дво-нивовска архитектура на систем за содржински базирано пребарување. Предложеното проширување на системот се очекува да доведе до подобрување на резултатите од пребарувањето.

## III. Кандидат: Милош Јовановиќ, магистер по електротехника и информациски технологии

**Биографски податоци**

М-р Милош Јовановиќ е роден на 28.III 1985 година во Куманово. Основно образование завршил во ОУ „Браќа Миладиновци“ во Куманово, а средното образование го оформил во ДСУ Гимназија „Гоце Делчев“ во Куманово. Во текот на основното и средното образование активно учествувал на регионални и државни натпревари по математика, физика, информатика и астрономија, освојувајќи награди и признанија.

Во 2004 година се запишал на додипломски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма информатика и компјутерско инженерство. Просечниот успех од неговите студии е 9,98. Дипломирал во 2008 година. Во текот на студирањето има добиено четири дипломи (2006, 2007, 2008 и 2009) за успешно завршување на студиските години со просечна оценка над 9,00. Во текот на студирањето добил една од 125-те стипендии за најуспешни студенти од областа на информатиката од страна на Министерството за образование и наука.

Во 2008 година се запишал на магистерски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на студиската програма компјутерски мрежи и е-технологии. Просечниот успех од неговите студии е 10,00.

Во март 2010 година ја одбранил магистерската теза „Автоматска композиција на семантички веб-сервиси“ и се стекнал со титулата магистер по електротехника и информациски технологии, потесна специјалност: компјутерски мрежи и е-технологии.

Почнувајќи од октомври 2008 година работи како демонстратор избран на Наставно-научниот совет на Институтот за компјутерска техника и информатика при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Почнувајќи од мај 2007 година е ангажиран како веб-администратор на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, одговорен за официјалната веб-страница на Факултетот. Покрај тоа, одговорен е и за изработката, развојот и менаџирањето на порталот за поддршка на учењето, FEIT Learning Environment, како и системот за онлајн уписи на Факултетот.

Покрај активностите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, кандидатот е автор во два македонски онлајн магазина, IT.com.mk – магазин од областа на информациските технологии и Plagij.at – магазин од областа на културата.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик и има основни познавања од германскиот јазик.

Член е на IEEE и на Менса Македонија.

**Наставно-педагошка дејност**

М-р Милош Јовановиќ во изминатиот период држел аудиториски и/или лабораториски вежби на Институтот за компјутерска техника и информатика при Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје по следниве предмети: веб-базирани системи, електронска и мобилна комерција, мреж-

но програмирање, системски софтвер, мрежни оперативни системи, безжични компјутерски мрежи и формални јазици.

**Научна и стручна дејност**

Кандидатот м-р Милош Јовановиќ ги објавил следниве трудови на домашни и меѓународни конференции:

[1] Kulev, I., Janevska, E., Jovanovik, M., Stojanov, R., Trajanov, D., "Text Classification Using Semantic Networks", *Proceedings of 8th International Conference for Informatics and Information Technology*, 2011.

[2] Zdraveski, V., Jovanovik, M., Stojanov, R., Trajanov, D., "HDL IP Cores Search Engine based on Semantic Web Technologies", *ICT Innovations 2010 Springer* (Book), September 2010, Ohrid, Macedonia.

[3] Apostolski, V., Stojanov, R., Jovanovik, M., Trajanov, D., "Use of Semantic Web technologies in Knowledge Management", *Proceeding of 7th International Conference for Informatics and Information Technology*, February 2010, Bitola, Macedonia.

[4] Bakraceski, G., Stojanov, R., Jovanovik, M., Trajanov, D., "A Knowledgebase Editor Using Semantic Web Technologies", *Proceeding of 7th International Conference for Informatics and Information Technology*, February 2010, Bitola, Macedonia.

[5] Budinoski, K., Jovanovik, M., Stojanov, R., Trajanov, D., "An Application For Semantic Annotation Of Web Services", *Proceeding of 7th International Conference for Informatics and Information Technology*, February 2010, Bitola, Macedonia.

[6] Jovanovik, M., Stojanov, R., Petkovski, M., Nikov, A., Trajanov, D., "Semantic Application Development in the Context of Meeting Management", *Web4Web Workshop*, September 2009.

[7] Nikov, A., Jovanovik, M., Stojanov, R., Petkovski, M., Trajanov, D., "Use of Semantic Web Technologies for Meeting Management Software Development", *ICT Innovations 2009*, September 2009, Ohrid, Macedonia.

[8] Jovanovik, M., Trajanov, D., "Survey of Semantic Web Technologies and Projects", *Proceedings of ETAI 2009*, September 2009, Ohrid, Macedonia.

[9] Kardalev, V., Jovanovik, M., Trajanov, D., "A Survey Of The Need For Soft Skills In Engineering Education And In The Workplace", *Proceedings of ETAI 2009*, September 2009, Ohrid, Macedonia.

[10] Trajanov, D., Jovanovik, M., Kardalev, V., "E-commerce in Macedonia", *Proceedings, ETAI 2007*, September 2007, Ohrid, Macedonia.

Во [1] е претставен алгоритам за класификација на текст со помош на семантички мрежи, како и метод за претставување на знаење потребен за алгоритамот. Презентираниот систем, со користење на метод за екстракција на релевантни информации од даден текст, прави класификација на текстот, односно му доделува една или повеќе категории на самиот текст. За потребите на класификацијата претставениот систем користи база на знаење, изградена со помош на технологиите на семантичкиот веб. Системот е тестиран во рамките на веб-

апликација за споделување на линкови и новите линкови автоматски ги поставува во одредена категорија, врз основа на содржината кон која покажува линкот.

Во [2] е опишан систем за складирање, пребарување и композиција на HDL IP-јадра со користење на технологиите на семантички веб. Во трудот е претставен семантичкиот анотатор на VHDL-компоненти, базата на знаење на системот, алгоритамот за рангирање на резултатите добиени при пребарување на базата на знаење, механизмот преку кој системот наоѓа меѓусебно компатибилни компоненти што понатаму можат да се поврзуваат, како и предностите кои корисниците на апликацијата изградена околу системот ги добиваат во процесот на градење на еден систем-на-чип. Резултатите од тестирањето на системот покажуваат дека пронајдените VHDL-компоненти секогаш одговараат на барањето на корисникот и му ја обезбедуваат само пребараната компонента, наместо целиот VHDL-документ во кој тој е опишан – што е случај со останатите системи за пребарување низ IP-јадра.

Во [3] е опишан систем за управување со знаење базиран на технологиите на семантички веб за репрезентација на знаење, чување на информациите во полуструктурирана форма, изведување на ново знаење на основа на постојното и едноставно извлекување на потребните информации. Направена е анализа на постојните софтверски системи за управување со знаење, со што се утврдени заедничките компоненти и нивните недостатоци. Потенцирано е значењето на технологиите на семантичкиот веб за складирање на информации и податоци во полуструктурирани, граф-ориентирани бази на знаење, со кои е многу поедноставно да се манипулира. Даден е детален опис на развиениот систем за управување со знаење, користените семантички технологии, како и платформата на која се правени тестирањата. Според добиените резултати, пребарувањето низ базата на знаење со вклучено OWL расудување дава најекспресивни информации, но одзема и најмногу време. Според резултатите, најдобриот сооднос на потребно време за извршување и добивање доволно експресивни информации е користењето на RDFS расудување.

Во [4] е опишан систем за работа со семантичка база на знаење, кој на корисниците кои немаат познавање на семантичките технологии им нуди интуитивен и едноставен интерфејс за работа, базиран на интеракција со природен јазик во текстуален формат. Во трудот е даден опис на системот и на апликацијата изградена околу него. Опишано е динамичкото генерирање на форми за внесување вредности во базата на знаење, кое е базирано на технологиите на семантичкиот веб. Претставена е интеракцијата која корисникот може да ја има со базата на знаење со користење на природен јазик и пишување слободен, неформатиран текст. Технологиите на семантичкиот веб овозможуваат апликацијата да препознае која е намерата на корисникот за време на пишување на реченицата, со што му нуди механизми за дополнување на изразите и индиректно добивање на одговори од базата на знаење.

Во [5] е опишана апликација за семантичка анотација на веб-сервиси, со користење на SAWSDL-стандардот за анотација. Апликацијата се користи за добивање семантички веб-сервиси од класични веб-сервиси. Добиените семантички веб сервиси овозможуваат автоматизација на процесот на откривање, композиција и повикување на веб-сервисите. Во трудот е даден опис на архитектурата на апликацијата, начинот на кој се вклучуваат локални и онлајн онтологии во апликацијата, претставен е механизмот за семантичко анотирање на стандардните веб-сервиси со SAWSDL во рамките на изработената апликација,

како и начинот на складирање на семантичките веб-сервиси во репозиториум во рамките на апликацијата.

Во презентацијата [6] е направен преглед на идејата и развојниот процес за креирање на апликација изградена само со технологиите на семантичкиот веб, апликација која се користи за управување со состаноци. Посебен акцент е ставен на онтологијата која се користи во системот, софтверската архитектура и на динамичкиот и онтолошки зависен кориснички интерфејс.

Во [7] е опишан развој на апликација за управување со состаноци, базирана на технологиите на семантичкиот веб. Апликацијата е изградена од податочен модел базиран на онтологии и полуструктурирани податоци складирани во RDF-формат, сервис-ориентирана архитектура со можност за автоматска композиција на семантички веб-сервиси и кориснички интерфејс со насочен, природен јазик како влез, динамички генерирани форми и алатка за графичко претставување на податоци, исто така базирани на онтологии. Даден е преглед на генералните проблеми со кои се среќаваат развивачите на софтвер во денешно време и се предложени механизми како поединечните пречки да бидат надминати преку користење на семантичките технологии. Претставена е архитектурата на системот и апликацијата, онтологијата која се користи за моделирање на поимите поврзани со состаноци и управување на состаноци, јадрото на апликацијата и корисничкиот интерфејс, базиран на влез со насочен, природен јазик и на корисничка интеракција со визуелни објекти кои ги репрезентираат податоците и податочниот модел од семантичката база на знаење.

Во [8] е направен преглед на моменталната состојба на семантичкиот веб, преку преглед на технологиите и проектите од оваа област. Направен е детален преглед на технологиите на семантичкиот веб кои се стандардизирани од страна на World Wide Web Consortium (W3C) и кои се препорачани за користење. Разгледани се и технологиите на семантичкиот веб кои се во фаза на развој и кои се очекува да бидат стандардизирани во скоро време, како и технологии кои сè уште се наоѓаат во теоретска фаза и чија имплементација не е започната. Направен е и преглед на позначајните проекти поврзани со семантичкиот веб, со што во трудот се заклучува дека и покрај тоа што се стандардизирани голем број технологии кои имаат реална имплементациска вредност, развојот на семантичкиот веб е сè уште во тек. Сепак, сè повеќе компании ги вградуваат препораките на W3C за користење на семантичките технологии, со што тие стануваат предмет на истражување и употреба не само во научни, туку и во комерцијални цели.

Во [9] е направен преглед на потребата од воведување дополнителни активности во рамките на високото образование и на работното место кои го поттикнуваат развојот на т.н. нетехнички вештини кај инженерскиот кадар, кои на поединецот му овозможуваат полесно да се вклопи и успешно да функционира во својата работна средина. Во трудот е направена анализа на моменталната состојба во светот и во Република Македонија со нивото на нетехнички вештини со кои располагаат инженерите, како и анализа на присуството на ваква едукација во образованието на инженерски кадар. Заклучокот укажува на незадоволството на светскиот пазар од нивото на нетехнички вештини кај вработените и идните инженери, што укажува на потребата од нивно поинтензивно вклучување во рамките на образовниот процес и на работното место.

Во [10] е направен преглед на состојбата со електронското купување и продавање преку интернет во Република Македонија. Разгледани се различните

аспекти на електронската комерција – визуелен впечаток, конзистентност на податоците и информациите, намена, организација, ниво на персонализација, ефикасност на пребарување, начин на електронско плаќање, потребно време и начин на достава, вид на валидација на плаќањето итн. Во трудот се анализирани 37 македонски веб-локации за е-комерција. Заклучокот укажува на тоа дека во Република Македонија постојат зачетоци на електронско продавање и купување преку интернет во повеќе мали сегменти, но дека не постои е-комерција во вистинска смисла на зборот.

Кандидатот учествувал во следниве проекти:

- Web4Web - FP7-проект;
- System on Chip Design – ТЕМПУС-проект.

## IV. Кандидат: Огнен Спироски, магистер по информатика

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Огнен Спироски е роден на 2.V 1982 година. Средно образование завршил во природно-математичката гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин" во Скопје со одличен успех. Високото образование го започнал во 2000 година на Институтот за информатика при Природно-математочкиот факултет во Скопје. Од 2003 до 2005 година студирал на Универзитетот Шефилд во Солун. Кандидатот нема доставено уверение за завршени студии на овој Универзитет. Кандидатот завршил втор циклус на студии – европски мастер студии по информатика во 2008 година. Овие студии се во организација на Универзитетот во Единбург, Велика Британија, Универзитетот во Тренто, Италија, и Мајкрософт истражувачки центар за пресметковна и системска биологија во Тренто, Италија. Порсечната оценка на испитите положени на Универзитетот во Тренто, Италија, изнесува 104/110, додека за испитите положени на Универзитетот во Единбург, Велика Британија, кандидатот има просечна оценка 71%. Магистрирал во областа биоинформатика/пресметковна и системска биологија, за што приложува нострифицирана диплома. Кандидатот има учествувано на повеќе конференции, работилници и семинари во земјата и во странство.

Области од интерес на кандидатот се: вештачка интелигенција, биоинформатика, пресметковна системска биологија, анализа и визуелизација на статистички податоци во компјутерски симулации и други.

Кандидатот има одлично познавање на англискиот јазик.

**Професионална активност**

Кандидатот по завршување на неговите магистерски студии во 2009 година работи во Лабораторијата за генетика и биотехнологија во Македонската академија на науките и уметностите. Во 2010 година се вработува како асистент на Универзитетот МИТ во Скопје.

**Наставно-педагошка дејност**

Кандидатот м-р Огнен Спироски работел како асистент на Универзитетот МИТ во Скопје во периодот 2010-2011 година.

**Научна дејност**

Кандидатот м-р Огнен Спироски ги приложува следниве трудови:

[1]Davalieva, K., Maleva, I., Filiposki, K., Spiroski, O., Efremov, G., Genetic Variability of Macedonian Tobacco Varieties Determined by Microsatellite Marker Analysis, Diversity 2010, 2(4), 439-449.

[2]Paunovski, O., Elefterakis, G., Cowling, T., Spiroski, O., Engineering Emergent Properties in Artificial Distributed Systems, EmergeNET4. Engineering Emergence Workshop, April 2010, York, UK.

Во [1] е направена анализа на 30 микросателитски маркери за идентификација на десет видови култивиран тутун во Република Македонија. Како резултат на направените испитувања, може да се заклучи дека 24 микросателитски маркери се полиморфни и доволни за идентификација. Покрај тоа, покажано е дека видовите тутун во Македонија можат да се класифицираат во три групи.

За трудот [2] кандитатот го приложува само апстрактот, со напомена дека тој ќе биде објавен подоцна.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според изнесеното, видливо е дека на конкурсот се пријавиле исклучително квалитетни кандидати кои покажале извонредни резултати, како во текот на додипломските и магистерските студии, така и во понатамошната работа.

Кандидатите м-р Петре Ламески, м-р Катарина Тројачанец и м-р Милош Јовановиќ беа ангажирани како демонстратори избрани на Наставно-научен совет за изведување на аудиториски и лабораториски вежби по предметите од Институтот за компјутерска техника и информатика при Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје во изминатите три години и покажаа исклучителни резултати во извршувањето на предвидените обврски, како и во научноистражувачката работа.

Според тоа, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да ги избере кандидатите м-р Петре Ламески, м-р Катарина Тројачанец и м-р Милош Јовановиќ во звањето помлад асистент по предметите од наставно-научната област компјутерска техника и информатика.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Сузана Лошковска, с.р.

Академик д-р Љупчо Коцарев, с.р.

Проф. д-р Данчо Давчев, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНДУСТРИСКИ РАСТЕНИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје од XXXI седница и решение бр. 02.1383/2 од 4. VII 2011 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Петар Егуменовски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија), д-р Јанош Берењи, редовен професор на Институтот за земјоделство и градинарство, Нови Сад - Република Србија и д-р Петре Р. Ивановски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот кој се пријави за избор во звање редовен професор.
Комисијата, откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во дневните весници "Дневник" и "Koha" од 28. VI 2011 год., констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област индустриски растенија се пријавил само кандидатот д-р Зоран Димов, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци релевантни за избор на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Зоран Димов, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, е роден на 8. VII 1963 год. во Скопје. Основно и средно образование завршил во родниот град. На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1982/83 год., поледелска насока, по што заминал на отслужување на воениот рок. Студирањето го започнал во учебната 1983/84 год., а дипломирал во 1989 година со среден успех 8,13.

По диломирањето се вработил како помлад асистент по предметот фуражни култури на Земјоделскиот институт во Скопје. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со среден успех 9,6, а магистерскиот труд со наслов "Фолијарна примена на микроелементиете B и Mo во комбинација со азот, фосфор и калиум и нивно влијание врз приносот на семе кај луцерката – *Medicago sativa* L." го одбранил во 1993 год., со што се стекнал со звањето Магистер на земјоделски науки.

Од 1. IX 1997 год. вработен е како асистент по предметот индустриски култури на Земјоделскиот факултет, сегашен Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје. Докторската дисертација под наслов "Морфолошко-биолошки својства и производен потенцијал на неколку интродуирани сорти лен – *Linum usitatissimum* L." ја одбранил во октомври 2001 година и се здобил со звањето Доктор на

земјоделски науки. Во наставно-научното звање доцент по предметот индустриски култури на Земјоделскиот факултет во Скопје е избран на 15. XII 2001 год., а во наставно-научното звање вонреден професор по истиот предмет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на 26. XII 2006 год.

Во текот на изминатиот период кандидатот д-р Зоран Димов остварил повеќе престои во неколку реномирани наставно-научни институции и организации во странство, како: Институтот за генетика и селекција од Гетинген - Германија (15. IX – 30. XI 2009; 1. IX – 1. XII 2004; 6. VI – 14. VII 2002), Меѓународната агенција за атомска енергија, Виена – Австрија (1. VI – 2. VII 2003), Федералниот институт за технологија од Лозана – Швајцарија (20. I – 6. II 2002), како и на неколку курсеви со тематика од областа на земјоделското производство во Обихиро – Јапонија, Лоди – Италија и Вагенинген – Холандија. Двапати е корисник на германската стипендија ДААД. Учествувал на повеќе научни и стручни конгреси, конференции, симпозиуми и други собири во земјата и во странство. Кандидатот е национален координатор на SEEDNet групата за индустриски култури за Р. Македонија, надворешен рецензент на научноистражувачки проекти на Министерството за образование и наука на Р. Србија и член на Уредувачкиот одбор на списанието Ратарство и повртарство при Институтот за земјоделство и градинарство од Нови Сад, Република Србија.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Зоран Димов во досегашниот период успешно ја изведува наставата на додипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на повеќе наставни дисциплини:

- индустриски култури и познавање на индустриски култури, на студиските програми поледелство и преработка на земјоделски производи;
- специјално поледелство, на студиската програма за заштита на растенијата и на студиската програма за искористување, уредување и заштита на почвите и водите (до 2009 година);
- лековити и зачински растенија, на студиската програма за градинарство и цвеќарство;
- производство на масло и производство на шеќер и скроб, на студиската програма преработка на земјоделски производи.

Кандидатот со успех учествува и во реализацијата на наставата на постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна, на студиската програма растителна биотехнологија, каде што ја изведува наставата по предметните програми: влакнодајни култури, маслодајни култури, одгледување на лековити и ароматични растенија и технологија на масло и шеќер, како и на студиската програма анимална биотехнологија, каде што ја изведува наставата по предметот медоносни растенија.

Во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Зоран Димов бил ментор на четири и член во комисија на пет дипломски работи, бил член на комисија на два магистерски и на еден специјалистички труд и рецензент на еден универзитетски учебник. Во овој период

кандидатот остварил голем број консултации со студенти на додипломските и постипломските студии.

Наставно-образовниот процес на додипломските и постдипломските студии, кандидатот д-р Зоран Димов го реализира на завидно педагошко ниво, вклучувајќи интерактивна настава, семинарски работи и внесување на позитивни искуства во наставниот процес стекнати преку научноистражувачката и апликативната работа реализирана во престоите во странство како и од соработките остварени со стопанските субјекти и институции во Р. Македонија.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Зоран Димов, како автор и во соработка со други автори, има изготвено и публикувано 11 научни труда, од кои два во референтни научни списанија со фактор на влијание – Molecular Breeding и Plant Breeding, еден презентиран на 13. Светски конгрес за маслодаја репка, додека останатите се публикувани во домашни и странски научни списанија, а дел се презентирани на домашни и странски симпозиуми или конференции. Во овој период, кандидатот раководел со еден национален научноистражувачки проект, бил национален координатор на еден проект од групата на SEEDNet, како и учесник како експерт во проект финансиран од Глобалниот еколошки фонд и невладината организација "Студиорум".

Врз основа на приложената документација се забележува дека во научно-истражувачката работа кандидатот се занимава со истражување на проблемите од научната област индустриски растенија, конкретно маслодајните култури, односно квалитативните и квантитативните својства на нивните главни и споредни производи.

Научноистражувачката работа кандидатот ја пренесува и на помладите генерации преку менторство на магистерски труд (еден е во изработка).

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот самостојно или во соработка со други автори има изготвено пет стручни труда, една стручна монографија, две стручни ревизии на книги како дел од проектот на Владата на Р. Македонија за превод на стручни учебници и една студија.

Во периодот по изборот во наставно-научното звање вонреден професор, д-р Зоран Димов вршел различни дејности од поширок интерес. Бил претседател на Комисијата за усогласување на домашното законодавство од областа на влакнодајните и маслодајните култури со законодавството на ЕУ, член на Комисијата за усогласување на домашното законодавство од областа на семето и садниот материјал со законодавството на ЕУ, член на Комисијата за изработка на правилник за технички, просторни и организациски услови што треба да ги исполнува за сертифицирање на семенски и саден материјал од земјоделски растенија и учесник во изработката на националната програма: "Поддршка за

подготовка на националната стратегија за одржлив развој во РМ, 2007-2012", секторска група: земјоделство. Во периодот 2005 – 2009 година бил шеф на Катедрата за специјално поледелство и тутун и член во различни комисии и тела во состав на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Од 1. IV 2009 год. е раководител на вториот циклус постдипломски студии на студиската програма растителна биотехнологија.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Зоран Димов, во периодот од неговиот избор во наставно-научното звање вонреден професор, ги продолжил и натаму ги развивал активностите во наставно-образовната дејност, истовремено интезивирајќи ја и научноистражувачката и стручно-апликативната работа. Успешно ја изведува наставата на повеќе предмети на додипломските и постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и во интерната еволуација високо е оценет од страна на студентите. Публикуваните научни и стручни трудови, раководењето и учеството во домашни и меѓународни научноистражувачки проекти, менторството на дипломските работи и учеството во магистерските трудови, го претставуваат како солиден научен работник кој владее со методите на научноистражувачката работа во научната област индустриски растенија.

Во досегашното работење, кандидатот покажал забележителни резултати што дава основа за претпоставка дека и понатаму успешно ќе придонесува на полето на биотехничките науки и со успех ќе ги извршува сите задачи што произлегуваат од работното место.

Поаѓајќи од изложеното и оцената на активностите од последниот избор, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"во Скопје, д-р Зоран Димов, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да биде избран за наставник во научната област индустриски растенија, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Д-р Петар Егуменовски, редовен професор — с.р.
   Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје

2. Д-р Јанош Берењи, редовен професор — с.р
   Институт за земјоделство и градинарство,
   Нови Сад, Р. Србија

3. Д-р Петре Р. Ивановски, редовен професор — с.р.
   Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Зоран Атанас Димов**
**Институција:** **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**
**Научна област:** **индустриски растенија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| 1 | Индустриски култури, 4+3 (летен): 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 9,6 |
| 2 | Лековити и зачински растенија 2+2, (летен): 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 6,0 |
| 3 | Специјално поледелство, 2+1, (летен): 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 9,6 |
| 4 | Специјално поледелство (4+2), зимски: 2006/07; 2007/08; 2008/09 | 7,2 |
| 5 | Познавање на индустриски култури, (2+2), зимски: 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 6,0 |
| 6 | Производство на масло (2+2), зимски: 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 6,0 |
| 7 | Производство на шеќер и скроб (2+2), зимски: 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 6,0 |
| 8 | Лековити и зачински растенија, (2+2), летен (настава во Струмица): 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10 | 4,8 |
| | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| 9 | Индустриски култури 2 (3+0): 2007/08: 2008/09; 2009/10 | 6,75 |
| 10 | Влакнодајни кулури (3+2): 2010/11 | 2,25 |
| 11 | Маслодајни култури (3+2): 2010/11 | 2,25 |
| 12 | Одгледување на лековити и ароматични растенија (3+2): 2010/11 | 2,25 |
| 13 | Индустриски растенија за производство на масло, шеќер и алкалоиди (3+2): 2010/11 | 2,25 |
| 14 | Зачински и ароматични растенија (3+2): 2010/11 | 2,25 |
| 15 | Технологија на масло и шеќер (3+2): 2010/11 | 2,25 |
| 16 | Медоносни растенија (2+2): 2010/11 | 1,5 |
| | **Одржување на вежби од прв циклус** | |
| 17 | Индустриски култури, 4+3 (летен): 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10; | 5,4 |
| 18 | Лековити и зачински растенија, 2+2, (летен): 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 6,0 |
| 19 | Специјално поледелство, 2+1, (летен): 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10 | 1,8 |
| 20 | Специјално поледелство (4+2), зимски: 2006/07; 2007/08; 2008/09 | 2,7 |
| 21 | Познавање на индустриски култури (2+2), зимски: 2006/07; | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2007/08: 2008/09; 2009/10 | |
| 22 | Производство на масло (2+2), зимски: 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 6,0 |
| 23 | Производство на шеќер и скроб (2+2), зимски: 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10; 2010/11 | 6,0 |
| 24 | Лековити и зачински растенија (2+2), летен (настава во Струмица): 2006/07; 2007/08: 2008/09; 2009/10 | 3,6 |
| 25 | **Констултации со студенти** | 0,5 |
| 26 | **Ментор на дипломска работа (4)** | 0,8 |
| 27 | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд (2):**<br>- Варијабилност и меѓузависност на компонентите на приносот и квалитетот на маслото кај некои генотипови маслодајна репка (Brassica napus L.) (Мирјана Јанкуловска, 2008)<br>- Можности за намалување на содржината на никотин и катран од тутнскиот чад од филтер цигарите преку вентилирање на филтер стапчето (Гоце Ѓорѓиев, 2009) | 0,6 |
| 28 | **Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистички труд (1):**<br>- Можности за рационализација на инустриската тонга-ферментација на тутунот со примена на различни режими на ферментација (Сузана Стојковиќ, 2009). | 0,2 |
| 29 | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (5)** | 0,5 |
| 30 | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно методско списание**<br>- Технологија на производство на лен (списание "Моја земја" бр. 62/63, 2010, стр. 22-23))<br>- Шафраника – растение кое создава масло со заситени масни киселини (списание "Моја земја" бр. 65, 2011, стр. 32-33)<br>- Култивирање на камилица (списание "Моја земја" бр. 68, 2011стр. 26)<br>- Производство на биодизел – реалност или мит (списание "Моја земја", број 69, 2011, стр. 29) | 4,0 |
| 31 | **Рецензент** на универзитетскиот учебник "Тревници" | 1,0 |
| | **ВКУПНО** | **119,65** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 32 | **Раководител на национален научен проект:**<br>"Заемност на генотипот, условите на одгледување и нивниот ефект врз квантитативните својства кај зимски сорти и хибриди маслодајан репка (Brassic napus L.)", МОН на РМ, 2010 - 2012 | 6,0 |
| 33 | **Национален координатор на меѓународниот проект:**<br>"Exploring, collecting and characterizing the local forms of industrial crops from SEEDNet area", 2008 - 2010 | 6,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 34 | **Учесник во национален проект:**<br>"Еспериментално производство на биодизел на земјоделски површини загадени со тешки метали во Источна Македонија", (Студиорум + Глобален еколошки фонд), 2007/2008 | 3,0 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 35 | Jianyi Zhao, **Zoran Dimov**, Heiko C. Becker, Wolfgang Ecke & Christian Mollers. Mapping QTL controlling fatty acid composition in a doubled haploid rapeseed population segregating for oil content. Molecular Breeding. (2008), 21 : 115 – 125, DOI 10.1007/s 11032-007-9113-y | 3,6 |
| 36 | **Zoran Dimov**, Cristian Mollers: Genetic variation for saturated fatty acids content in a collection of European winter rapeseed material (*Brassica napus* L. and *Brassica rapa* L.) Plant Breeding (2009). doi: 10.1111/j: 1439-0523.2009.01652.x | 5,4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| 37 | Sonja Ivanovska, Cane Stojkovski, **Zoran Dimov**, Ana Marjanovic-Jeromela, Mirjana Jankulovska, Ljupco Jankuloski. Interrelationship between yield and yield related traits of spring canola (*Brasicca napus* L.) genotypes. ABI Series F, Genetika, Vol. 39, no. 3 for 2007, 325 - 332 | 2,4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание** | |
| 38 | Suzana Kratovalieva, Vojislav Mihajlovic, Branko Cupina, Julijana Cvetkovic, Gordana Popsimonova, Dusko Mukaetov, Lenka Cvetanovska, **Zoran Dimov**, Aleksandar Mikic. 2007. Green manure as a way of organic produced carrot (Daucus carota L. cv. Nantes). Zbornik Radova Instituta za ratarstvo i Povrtarstvo, Novi Sad, Vol. 44, No. II, 129 – 134 | 1,8 |
| 39 | Suzana Kratovalieva, Vojislav Mihajlovic, Branko Cupina, Julijana Cvetkovic, Gordana Popsimonova, Dusko Mukaetov, Lenka Cvetanovska, **Zoran Dimov**, Aleksandar Mikic. 2007. Green Manure as a tool of organic produced potato (Solanum tuberosum L. cv. Amorosa). Zbornik Radova Instituta za ratarstvo i Povrtarstvo, Novi Sad, Vol. 44, No. II, 179 – 183 | 1,8 |
| 40 | Стојковски Ц., Ивановска Соња, **Димов З.**, Марјановиќ-Јеромела Ана, Јанкулоски Љ., Јанкуловска Мирјана. 2006 Правци во селекцијата на маслодајната репка (Brassica napus L). Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна. Година 51, 15 - 28, Скопје | 1,2 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |

| | | |
|---|---|---|
| **41** | Bandzo Slobodan, **Dimov Zoran**. 2006. The harmful entomophauna of oilseed rape in the Republic of Macedonia, with special emphasis on the regions of Skopje and Bitola. International Symposium, Integrated Pest Management in Oilseed Rape, 3 – 5 April, Goettingen, Germany, 24 - 25 | 2.7 |
| **42** | **Zoran Dimov** and Christian Möllers. 2011. Genetic variation for seed fibre content in a set of current European winter oilseed rape cultivars. 13th International Rapeseed Congres, Prague, Czech Republic, pp. 682-685. | 2,7 |
| | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| **43** | **Zoran Dimov**, Suzana Kratovalieva, Dragica Spasova. Some morphological and technological characteristics of sesame (Sesamum indicum L.) from Macedonia, 42$^{nd}$ CROATIAN & 2$^{nd}$ INTERNATIONAL SYMPOSIUM ON AGRICULTURE, OPATIJA 2007. | 1,6 |
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |
| **44** | **Димов, З.** Ратителните масла како суровина за биодизел гориво. Средба факултет - стопанство 2006. 41 - 53 | 1,0 |
| **45** | **Зоран Димов**, Станислава Лазаревска, Звонко Пацановски. 2009. Влијание на плодоредот во интегрална застита и приносот кај сонцогледот (Helianthus annuus L.). Заштита на растенијата, година XX, волуме XX, UDC 632, стр. 127-132. | 0,8 |
| **46** | **Учество на:** International Symposium, Integrated Pest Management in Oilseed Rape, 3 – 5 April, Goettingen, Germany, 2006 | 1,0 |
| **47** | Средба "Факултет – стопанство", Скопје, 2006 | 1,0 |
| **48** | 42$^{nd}$ Croatian & 2$^{nd}$ International Symposium on Agriculture, Opatija, 2007 | 1,0 |
| **49** | 43$^{rd}$ Croatioan & 3rd International symposium on Agriculture, Opatija, Croatija, 2008 | 1,0 |
| **50** | Советување за заштита на растенијата, Охрид, 2009 | 1,0 |
| **51** | !3th Rapeseed Congress, Prague, Czech Republic, 2011 | 1.0 |
| **52** | 3$^{rd}$ SEEDNet Meeting for Industrial Crops, Skopje, 2008 | 1.0 |
| **53** | 4rth SEEDNet Meeting for Industrial Crops, Novi Sad, 2009 | 1.0 |
| **54** | 5$^{th}$ SEEDNet Meeting for Industrial Crops, Sarajevo, 2010 | 1.0 |
| **55** | World Bank. The impact of climate variability and change on crop production, Скопје 2010 | 1.0 |
| **56** | MAGA. Хармонизација на методологиите за проценка и одржливо инкорпорирање на биомасата во општинските и националните стратегии за развој на енергетиката, Скопје 2010<br>Z. Dimov; O. Chukaliev. 2010. Energy crops in Republic of Macedonia | 1.0 |
| | **ВКУПНО** | **51,0** |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 57 | **Стручна монографија:** Кратовалиева Б. Сузана, Попсимонова, Г., Ивановска, С., Агич, Р., Симоновска, Е., Белески, К., **Димов, З.**, Стефков, Г., Ѓамовски, В. 2009. Каталог на национални ex-sity конзервирани рестителни генетски ресурси. Земјоделски институт, Скопје | 4.8 |
| 58 | **Експертска активност:** **Стручна ревизија на на книгите:** "Обработување на земјата" од Даниел Пит, Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје, 2010 "Трпезни маслинки – производство и преработка" од А. Гаридо Фернандез, М.Х. Фернандез Диез и М.Р. Адамс (во печат), 2011 | 2,0 |
| 59 | **Студија**: "Usage of agriculture biomass for production of biofuels" Како дел од проектот: Promotion of sustainable agricultural practices, energy efficiency and usage of renewable energy in rural areas in Republic of Macedonia – AgroEnergy, 2009 | 2.0 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 60 | **Член на уредувачкиот одбор на** научно-стручното списание "Ратарство и повртарство", Нови Сад, Р. Србија | 0.5 |
| 61 | **Студиски престој во:** Обихиро, Јапонија, 07. 09 – 27. 10. 2007: Agricultural production and distribution for Southeast European countries | 0.5 |
| 62 | Гетинген, Германија, 15. 9 – 25. 11. 2009, стипендист на ДААД | 0,5 |
| 63 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**: "Детерминирање на квалитативните и квантиттативните својства кај хибриди маслодајна репка (Brassica napus L.) зависнсо од рокот на сеидба и условите на развој", билатерален Р. Македонија/Р. Хрватска, 2008/2009 (носител). "Утврдување на приносост, компонентите на приносост и содржината на масло кај леник (Camelina sativa L. ) и шафраника (Carthamus tinctorius L.) како алтернативни маслодајни култури за Р. Македонија", Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, 2010 (носител). | 2,0 |
| 64 | **Претседател на Комисијата** за усогласување на домашното законодавство од областа на влакнодајните и маслодајните култури со законодавството на ЕУ, МЗШВ, 2008 | 1,0 |
| 65 | **Член на Комисијата** за усогласување на домашното законодавство од областа на семето и садниот материјал со законодавството на ЕУ, МЗШВ, 2008 | 0,5 |
| 66 | **Член на Комисијата** за изработка на Правилник за технички, просторни и организациски услови што треба да ги исполнува за сертифицирање на семенски и саден материјал од земјоделски | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | растенија, МЗШВ, 2008 | |
| 67 | **Раководител на Катедрата** за специјално поледелство и тутун, 2005 - 2009 | 3,0 |
| 68 | **Член на** факултетската управа на ФЗНХ, 2005-2009 | 0,5 |
| 69 | **Член на** Комисијата за изготвување на студиски програми, 2005 - 2009 | 0,5 |
| 70 | **Член на** комисијата за јавни набавки на ФЗНХ, 2005-2009 | 0,5 |
| 71 | **Координатор** на студиската програма поледелство, 2005-2009 | 1,0 |
| 72 | **Член на** Комисијата за постдипломски студии на ФЗНХ, 2009-2013 | 0,5 |
| 73 | **Раководител** на постдипломски студии на групата растителна биотехнологија, 2009-2013 | 2,0 |
| 74 | **Национален координатор** на SEEDNet групата за индустриски култури | 4,0 |
| 75 | **Учество во** изработка на националната програма: Поддршка за подготовка на националната стратегија за одржлив развој во РМ, 2007-2012, секторска група земјоделство | 3,0 |
| | **ВКУПНО** | **29,3** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **119,65** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **51,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **29,3** |
| **Вкупно** | **199,95** |

**Членови на Комисијата**

**1. Проф. д-р Петар Егуменовски, претседател, с.р.**

**2. Проф. д-р Јанош Берењи, член с.р.**

**3. Проф. д-р Петре Р. Ивановски, член с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРОИЗВОДНИ СИСТЕМИ – ПОДГОТОВКА НА ПРОИЗВОДСТВОТО“ ОД АВТОРОТ Д-Р ДЕЛЧО ЈОВАНОСКИ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 26.5.2011 година, донесе одлука за определување на Рецензентска комисија за ракописот под наслов „Производни системи – подготовка на производството“, подготвен од д-р Делчо Јованоски, професор на Машинскиот факултет во Скопје, во состав:

1. проф. д-р Роберт Миновски, професор на Машинскиот факултет во Скопје и
2. вонр. проф. д-р Валентина Гечевска, професор на Машинскиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот ракопис, рецензентот проф. д-р Роберт Миновски на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Ракописот „Производни системи – подготовка на производството“ претставува темелно преработено издание на претходно издание што беше објавено под наслов „Подготовка на производството“. Материјалот содржи вкупно 470 страници: покрај насловната страница и предговорот, на 7 страници е дадена содржината, на 8 страници се поместени кратенки и ознаки, а на 8 страници е прикажан големиот број користени литературни извори (74 на број). Материјалот содржи вкупно 230 слики и 68 табели што многу придонесуваат за подоброто разбирање на разгледуваната материја.

Ракописот е поделен во 4 поглавја, и тоа:

- Подготовката на производството во рамките на производниот систем,
- Проектантско-конструктивна подготовка,
- Технолошка подготовка,
- Оперативна подготовка.

## II. АНАЛИЗА НА РАКОПИСОТ

Како што тоа го покажува и самиот наслов на ракописот, во него се разработени содржини што ги покриваат активностите на потсистемот за подготовка на производството во рамките на производните системи. Усвоен е концепт за содржини на подготовка на производството што најмногу одговара за малите и средните претпријатија каде што проектантско-конструктивната, технолошката и оперативната подготовка се многу тесно поврзани, а честопати

сите тие се реализираат од мал број на исти стручни лица (многу често – од само едно стручно лице).

Во првото поглавје („Подготовката на производството во рамките на производниот систем") што е поместено на 16 страници со 7 слики и 1 табела, дадени се воведни елементи. Тука се поместени дискусии за локацијата на подготовката на производството како потсистем на производните системи, содржините на работа и нивна класификација, разните видови на модели што се среќаваат во литературните извори и во индустриската практика, како и функционалниот модел кој како референтен се прикажува и потоа и користи за сите понатамошни разгледувања во следните поглавја. Бидејќи содржините и степенот на деталираност на активностите во подготовката на производството се многу зависни од типот на производство, дадени се основните типови со нивни карактеристики и влијанието на секој од нив врз подготовката. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Второто поглавје („Проектантско-конструктивна подготовка") е изложено на 39 страници, со 21 слика и 9 табели. По воведното појаснување на функцијата на проектантско-конструктивната подготовка, акцент е ставен на студиите и истражувањата за нови, односно подобрени производи. Тука е дискутиран животниот век на производите и можните негови промени, барањето на идеи за нови/подобрени производи и услуги, изворите и методите за тоа барање, претставувањето на идеите, вреднувањето и изборот на најпогодни идеи за нивно понатамошно разработување. Тоа понатамошно разработување е изнесено во секцијата проектирање/конструирање каде што се претставени подлогите/документите што се креираат при оваа активност (за интерна и екстерна употреба), меѓу кои се најважни матичните податоци за ставки и составниците. Логичен завршеток претставува изнесената постапка за развој на нови производи/услуги која е тестирана и се применува во повеќе производни, но и услужни организации; тука се поместени етапи што систематски ги опфаќаат сите активности од раѓање на идеја до реализација на производ/услуга, потребните влезни и излезни документи како и носителите на тие активности. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Третото поглавје („Технолошка подготовка"), бидејќи има голем број на разновидни активности, зазема најголем простор во ракописот: опишано е на 308 страници со 129 слики и 52 табели. По воведните појаснувања за технолошките процеси како делови од производните, изнесени се нивните елементи (операции, зафати, премини, движења и микродвижења) преку кои се опишуваат технолошките процеси до извесни рационални детали. Се разгледува влијанието на разните технолошки постапки и потоа по индуктивен пат е изведена општа методологија на проектирање технолошки процеси независно од применетите постапки. Следува разработка на методите на проектирањето (индивидуална, типска и групна технологија), каде што на концизен начин и преку примери се соодветно објаснети. Многу практичен карактер има и секцијата во која се разработува проектирањето на технологии за разни системи на обработка (класични и современи), каде што покрај другото, се дадени основите за програмирање на нумерички управуваните алатни машини. По заокружувањето на проектирањето технологии со секцијата за проектирање

технолошки процеси за монтажа, следува секцијата за избор на оптимални технолошки варијанти во која е поместена соодветна методологија со етапи, применливи методи и критериуми. На нормирањето (временско) на работата му е посветена поголема секција во која се изнесени поважните елементи од оваа материја: видови норми, структура на временската норма, методи за нормирање на работата, следење на извршувањето на нормите. Категоризацијата на работата исто така се разгледува од аспект на потребата за неа и се изнесуваат соодветни методи, странски и домашни искуства. Од техничките нормативи што се третираат како основа за многу планирања во организациите, тука се разгледуваат нормативите на време, на материјали и на алат и помагала. За планската калкулација исто така е претставена методологија што систематски ги одредува елементите на структурата на цената на чинење на производите. Посебно внимание е посветено на автоматизацијата (компјутеризацијата) на активностите во рамките на технолошката подготовка, каде што подетално се третираат две теми: автоматското (компјутерско) проектирање на технолошките процеси и компјутерското програмирање на нумерички управуваните алатни машини. На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Четвртото поглавје е изложено на 86 страници, со 73 слики и 6 табели со наполно изменета структура и содржина. По воведните изнесувања, разработен е пристапот на реализација на производството со налог со сите потпроцеси, меѓу кои и планирањето и управувањето на производството. Разгледани се повеќе модели присутни во светската литература, а за еден референтен модел се изнесени сите активности (како на пример, агрегатно планирање на продажбата и производството, главно планирање, детално планирање на материјали и капацитети, фино планирање на производството и управување на производството). На крајот од поглавјето е дадена листа на прашања за проверка на освоените знаења од страна на читателите.

Трудот е напишан на литературен македонски јазик, со јасен и разбирлив стил на изразување соодветен за читателите.

## III. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ

Содржината на сосема новоизработениот ракопис „Производни системи – подготовка на производството“ покрива и е во согласност со две предметни програми од првиот циклус на студии што се предаваат на Машинскиот факултет на две различни студиски програми:

- производствен менаџмент (со фонд на часови 2+2 и 6 ЕКТС- кредити), на насоката производно инженерство, каде што само информативно треба еден дел што се однесува на автоматското проектирање технолошки процеси (CAPP), бидејќи подетално се проучува во друга дисциплина, и
- производни системи 2 (со фонд на часови 2+2 и 5 ЕКТС-кредити), на насоката индустриско инженерство и менаџмент, каде што само информативно се проучува материјата за нормирање на работата бидејќи подетално се проучува во друга дисциплина.

Освен тоа, овој ракопис е погоден како првичен литературен извор и за најмалку две дисциплини на втор циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје:

- планирање и управување на производството, и
- CAPP (компјутерско проектирање технолошки процеси).

Со оглед на тоа дека ваков ракопис нема во Република Македонија, тој ќе им послужи и на другите универзитети, на технички ориентираните насоки.

Ракописот ги исполнува сите услови на авторски труд што може да се категоризира како учебник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Производни системи – подготовка на производството" во целост ги задоволува критериумите за универзитетски учебник. Покрај сосема новото четврто поглавје, во секое од другите три поглавја се направени коренити измени во однос на претходното издание под наслов „Подготовка на производството" со внесување на многу нови содржини, методологии и методи.

За истакнување е големиот труд при подготовката на ова издание во кое покрај усвојувања и пренесувања на многу странски знаења и искуства, методологии и методи, изнесени се и голем број примери од индустриската практика што се резултат на богатата проектантска и консултантска активност на авторот. За одбележување е концепцијата фокусирана на потребите на малите и средните претпријатија, така што овој ракопис го издвојуваат како единствен од ваков вид во Република Македонија. Може слободно да се изнесе дека, покрај тоа што ќе служи за учење од страна на студентите, учебникот ќе биде добар водич и за веќе завршените инженери во практиката, а одредени делови ќе може да послужат и како основни литературни извори за студиите од втор циклус.

Врз основа на погоре изнесеното за ракописот „Производни системи – подготовка на производството", му предлагам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати и да го одобри овој ракопис како учебник.

Скопје, 8.7.2011

Член на Рецензентската комисија

Проф. д-р Роберт Миновски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ПРОИЗВОДНИ СИСТЕМИ – ПОДГОТОВКА НА ПРОИЗВОДСТВОТО“ ОД АВТОРОТ Д-Р ДЕЛЧО ЈОВАНОСКИ

Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 26.5.2011 година, донесе одлука за определување на Рецензентска комисија за ракописот под наслов „Производни системи – подготовка на производството“, подготвен од д-р Делчо Јованоски, професор на Машинскиот факултет во Скопје, во состав:

1. проф. д-р Роберт Миновски, професор на Машинскиот факултет во Скопје
2. вонр.проф. д-р Валентина Гечевска, професор на Машински факултет во Скопје.

По прегледот на доставениот ракопис, а врз основа на Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како рецензент, на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје му го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Предложениот ракопис „Производни системи – подготовка на производството“ од авторот д-р Делчо Јованоски претставува авторски труд и комплетно преработено издание (повеќе од 90%) на претходното издание под наслов „Подготовка на производството“, објавено како учебник во две изданија во 1982 и 1993 година.

Содржинскиот обем на предложениот ракопис е изложен на вкупно 458 страници и дополнително содржи предговор од авторот, содржина на материјалот изложена на 7 страници, листа на користени кратенки и ознаки на 7 страници и листа на користени литературни извори на 8 страници. Содржината на ракописот е збогатена со бројни сликовити и табеларни прикази што придонесува кон исклучителна разбирливост на презентираната материја, при што вкупно се поместени 230 слики и 68 табели. Ракописот е изготвен на литературен македонски јазик со користење соодветна стручна терминологија.

Содржината на ракописот е систематизирана во 4 поглавја, а на крајот од секое поглавј е, дадена листа на прашања за проверка на усвоените знаења од соодветната тема. Во ракописот се обработени следниве поглавја:

- Подготовката на производството во рамките на производниот систем;
- Проектантско-конструктивна подготовка;
- Технолошка подготовка;
- Оперативна подготовка.

Предложениот ракопис е изработен во согласност со стандардите за изданија наменети за наставно-образовниот процес, пропишани во Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и ги содржи сите елементи на овие стандарди, што претставува основа за универзитетско издание кое се користи како извор на знаење и компетенции во процесот на универзитетско образование.

## II. ОПИС НА СОДРЖИНАТА НА РАКОПИСОТ

Ракописот „Производни системи – подготовка на производството" детално ја обработува материјата поврзана со потсистемот за подготовка на производството во рамките на производните системи, преку систематска анализа на активностите поврзани со наведениот потсистем.

Првото поглавје – „Подготовката на производството во рамките на производниот систем", ги обработува основите за локацијата, деталниот опис на содржината преку анализа на повеќе теоретски и практични моделите на системот за подготовка на производството, како и категоризацијата на типовите на производство со нивното влијание врз потсистемот за подготовка.

Второто поглавје – „Проектантско-конструктивна подготовка", систематизирано ја обработува функцијата на проектантско-конструктивната подготовка во потсистемот за подготовка на производство. Притоа, на почетокот се обработени методите за истражување на идеи во функција на развој на нови или подобрени производи, а потоа алатките за претставување, вреднување, селекција и избор на најдобрите идеи за новите или подобрените производи. Понатаму, елаборирани се документите, како ставки и составници, кои се креираат во фазата на проектирање – конструирање која следува по изборот на најпогодни идеи - заради нивно понатамошно разработување. На крајот, методологиите што се елаборирани во ова поглавје се систематизирани преку апликативна процедура за развој на нов производ или услуга, која е развиена и предложена од авторот, како практично применлива алатка.

Во третото поглавје – „Технолошка подготовка", како централната содржина на ракописот опишана на најголем број страници, на систематизиран начин се елаборирани технолошките процеси, како делови од производните процеси, со приказ на нивните елементи и анализа на етапите при нивно проектирање. Понатаму, даден е детален преглед на методите за проектирање на технолошки процеси со посебен осврт на индивидуална, типска и групна технологија, илустрирани со бројни практични примери. Во следниот дел од третото поглавје, дадени се теоретски основи и практични примери за проектирање на технолошки процеси за изработка на делови на класични и современи системи за обработка со примена на нумерички управувани машини. По елаборацијата на методологиите за проектирање на технологии за обработка, следува секција во која се опишани технолошките процеси за монтажа и секција во која се елаборирани методологиите и критериумите за избор на оптимални технолошки варијанти. Понатаму, систематски е елаборирана фазата за нормирање на работата преку анализа на видови норми, структура, методи за нормирање, следење и анализирање на нормите, како елемент на проектирањето на технолошката постапка, кој ја дефинира категоријата на

технолошки времиња за изработка на производ. Во ова поглавје се обработени сите дополнителни активности кои се содржани при проектирањето на технолошката подготовка, како што се категоризацијата, односно вреднувањето на работата, методологиите за технички нормативи, методологијата на планска калкулација за пресметка на цената на чинење на производите, елементите за изготвување на технолошка документација и автоматизираните пристапи при проектирање на одделните фази на технолошката подготовка.

Во четвртото поглавје од ракописот – „Оперативна подготовка", елаборирани се сите активности што спаѓаат во оперативната подготовка, како сегмент на подготовката на производството, и тоа: оперативно планирање, изготвување работна документација со лансирање и управување на производството. Притоа, образложена е методологијата за изготвување на налог за реализација на производство преку моделирање на сите потпроцеси и начинот на нивно опфаќање и опишување во налогот. Даден е преглед на современи методологии за планирање и управување на производството и компјутеризирани техники за нивно автоматизирано водење, кои стануваат карактеристика на современите производни системи.

## III. ОЦЕНА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК

По спроведената анализа на темите и содржините на ракописот „Производни системи – подготовка на производството", се констатира дека глобалната структура и структуралните компоненти се изготвени во согласност со две предметни програми од првиот циклус на студии, наведени во продолжение, кои се изучуваат на Машинскиот факултет во Скопје на две студиски програми:

1. производни системи 2, на студиската програма индустриско инженерство и менаџмент, со 5 ЕКТС- кредити и фонд на часови 2+2,
2. производствен менаџмент, на студиската програма Производно инженерство, со 6 ЕКТС-кредити и фонд на часови 2+2.

Истовремено, ракописот претставува литературен извор погоден за повеќе предметни програми на едногодишните и двегодишните студиски програми: индустриско инженерство и менаџмент и производно машинство, на Машинскиот факултет во Скопје, а особено за следните предметни програми:

1. планирање и управување на производството, со 6 ЕКТС-кредити и фонд на часови 2+2;
2. CAPP (компјутерско проектирање технолошки процеси), со 6 ЕКТС-кредити и фонд на часови 2+2;
3. автоматизирано проектирање на технолошки процеси, со 6 ЕКТС-кредити и фонд на часови 2+2.

Предложениот ракопис во целост е изготвен согласно со критериумите за универзитетски изданија наменети за наставно-образовниот процес и претставува авторски труд кој одговара на категоризацијата за учебник.

Ракописот, како литературен извор изготвен на македонски јазик, ќе биде исклучително корисен за студентите на инженерските студиски програми на сите универзитети во земјава, но истовремено ќе претставува значаен извор на

теоретски методолошки алатки и апликативни примери за инженерите вклучени во практиката во Република Македонија. Овој учебник ќе придонесе кон развој на способностите за техничко аналитичко размислување, градење на професионални компетенции и техничка култура кај студентите кои ќе го користат во образовниот процес.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Производни системи – подготовка на производството" во целост е изработен во согласност со стандардите за изданија наменети за наставно-образовниот процес, пропишани во Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и претставува авторски труд, кој одговара на категоризацијата за учебник.

Ракописот претставува оригинален авторски труд и комплетно преработено издание во однос на претходното издание под наслов „Подготовка на производството", при што содржи нови поглавја и нови пристапи, содржини и методологии. Материјалот презентиран во ракописот дава современ преглед на светските актуелни методологии и техники за проектирањето на подготовката на производството, како елемент на производните системи. Притоа презентирани се бројни искуства од богатата научна и апликативна активност на авторот, а истовремено анализирани и референцирани се современи и актуелни литературни извори од обработеното подрачје.

Ракописот, како учебник, ќе претставува литературен извор кој ќе обезбеди современи знаења и компетенции за студентите на инженерските студиски програми на прв и втор циклус на студии на универзитетите во земјава, а истовремено ќе претставува корисна литературна референца за академската заедница, инженерите и професионалците од малите и средните претпријатија во индустријата во Република Македонија.

Врз основа на погоре изнесеното за ракописот „Производни системи – подготовка на производството", му предлагам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати и да го одобри издавањето на овој ракопис како учебник.

Скопје, 8.7.2011

Член на Рецензентската комисија

вонр.проф. д-р Валентина Гечевска, с.р.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ СЦЕНСКИ ГОВОР СО ТЕХНИКА НА ГЛАС, СО ПОЗНАВАЊЕ НА ТУРСКИ ЈАЗИК, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ**

На конкурсот за избор на соработник во звањето асистент по предметот сценски говор со техника на глас, со познавање на турски јазик, објавен во весникот „Капитал" од 13.4.2011 година, како единствен кандидат се пријави Атила Клинче.

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на седницата одржана на 12.5.2011 година, со одлука бр.0202-241/2-11, формира Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звањето асистент по предметот сценски говор со техника на глас, со познавање на турски јазик, во состав: **вонр.проф. Елјеса Касо, проф. Костадин Дрваров и проф. Кирил Ристоски.**

Врз основа на приложената документација на кандидатот, Рецензетската комисија го подонесува следниоВ

**ИЗВЕШТАЈ**
**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ**

Кандидатот **м-р Атила Клинче** е роден на 30.X 1958 година во Гостивар. Во 1978 година се запишал на Факултетот за драмски уметности во Скопје, на Катедрата за драмски актери. Дипломирал во 1982 година во класата на проф.Вукан Диневски. Истата година станал редовен член на ТурскиОТ театар.

Атила Клинче во репертоарот на Турскиот театар, од 1982 година па до денес, има одиграно повеќе од седумдесет (70) улоги, од кои повеќето се централни улоги.

Претставите во кои Атила Клинче ги остварувал своите возбудливи актерски дострели со успех учествувале и на европските театарски фестивали во Италија, Австрија, Словенија, Турција, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија и Црна Гора и во Франција.

Публиката и критиката со аплаузи и пофалби го прифаќале, на сите овие фестивали, специфичниот актерски израз на Атила Клинче. За своето исклучително актерско остварување, Мемет во истоимената претстава од Ирфан Белур, во режија на Наум Пановски, Атила Клинче ја добил наградата „Млад борец" за најдобриот млад актер на 27. МТФ „Војдан Чернодрински".

Во 2002 година, Асоцијацијата на медиумите на турски јазик во Република Македонија му ја доделила наградата за најдобар актер во 2002 година.

Веќе во следната година ја добил наградата за најдобро актерско остварување на 38. МТФ „Војдан Чернодрински", за улогата на Човекот во

претставата „Куќа на граница“ од Славомир Мрожек, во режија на гостинот-режисер од Република Турција, Јуцел Ертен.

Атила Клинче во својот широк актерски опус еднакво е успешен кога се работи за носечките ликови во класичната драмска литература и во модерната домашна драма.

Атила Клинче, без сомнение, спаѓа во најзначајните актерски имиња од средната генерација актери во современата македонска театарска уметност.

Во својата богата актерска кариера, Атила Клинче соработувал со најеминентните режисерски имиња од Републиката и надвор од неа.

Креативниот профил на Атила Клинче опфаќа и интерес за уметнички менаџмент во театарот. Во последниве години, со доаѓањето на чело на Турскиот театар, Атила Клинче покажа колку несебично треба да се вложува во младите кадри во театарот. Во овие тешки времиња за културата, Атила Клинче, со својата љубов и способност, успеа да направи репертоар во кој ги спои со голема умешност сите генерации актери во театарот, отворајќи им ги ширум вратите на младите.

Со неговата голема посветеност и како актер и како директор, денеска Турскиот театар е добитник на највисоката републичка награда „11 Октомври“, како и на наградата „13 Ноември“.

Атила Клинче, веднаш по дипломирањето свесен за важноста на сценскиот говор на сцената, една учебна година престојувал на Универзитетот Хацетепе на Државниот конзерваториум во Анкара, Република Турција, со посебна програма изучувајќи ги тајните на сценскиот говор.

## УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Како посебно впечатливи, исклучителни остварувања на кандидатот може да се издвојат улогите:

- улогата Магбет во истоимената претстава од Вилијам Шекспир;
- „Тетовирани души“ од Горан Стефановски, во улогата Цибра;
- „Епот за Гилгамеш“, во улогата на Енкиду;
- „Куќа на граница“ од Славомир Мрожек во улогата на Човекот;
- „Мемет“ од Ирфан Бељур, во улогата Мемет;
- „Хамлет“ од Вилијам Шекспир, во улогата Лаерт;
- „Весели жени Виндзорски“, во улогата Фентон;
- „Некој друг“ од Ергун Сав, во улогата Мехмет;
- „Бура“ од Вилијам Шекспир, во улогата на Антонио;
- „Женички“ од Тунџер Џуџеноглу, во улогата на Парлак;
- „Тимон од Атина“ од Вилијам Шекспир;
- „Цар Едип“ од Софокле, во улогата на Креон;
- „Министерот и јас“, во улогата на Парталовски;
- „Идиот“ од Достоевски, во улогите на Гања и Волгин;
- „Хуррем Султан“ од Орхан Асена, во улогата на Рустем -паша.

**Филмови:**

- „Пред дождот“ од Милчо Манчевски;
- „Ден за тетовирање“ од Столе Попов;
- „Пусто турско“ од Коле Ангеловски;
- „Прашина“ од Милчо Манчевски и др.

**Серии:**

- „Наше маало“;
- „Збогум Румелија“.

**Награди:**

- 1982 година, наградата „Млад актер“ – на Театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“;
- 2005 година, за најдобро актерско остварување на Театарскиот фестивал „Војдан Чернодрински“;
- 1982 година, наградата „Млад борец“ за најдобар актер;
- 2004 година, најдобар странски актер во Призрен, Р. Косово;
- 2003 година, актер на годината, прогласен од турските медиуми.

## ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во неговата посветена педагошка дејност од 2005 до денес излегле бројни актери кои успешно работат на значајни театарски, телевизиски и филмски проекти од македонската и светската продукција и биле високо вреднувани на домашни и на меѓународни фестивали. Кандидатот особено се истакнува како творец со својата сериозност, аналитичност и посветеност, како во актерската уметност така и во уметничкиот менаџмент во театарот, при што успешно и несебично се залага со сиот свој интелектуален уметнички капацитет да им создаде нови можности на млади кадри во театарот.

## ЗАКЛУЧОК

Земајќи ги предвид успешните ангажмани, во уметничката, научната и педагошката сфера на кандидатот, Атила Клинче, Комисијата високо ги вреднува постигнатите резултати и едногласно му препорачува на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за драмски уметности да го избере м-р Атила Клинче за соработник по предметот сценски говор со техника на глас, со познавање на турски јазик, во звањето **асистент.**

**Членови на Комисијата**

1. **Вонр.проф. Елјеса Касо, с.р.**

2. **Проф. Костадин Дрваров, с.р.**

3. **Проф. Кирил Ристоски, с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

***ОРГАНИЗАЦИСКА КУЛТУРА КАЈ МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈАТА,***

**ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА,**

**ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование, член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под број 0202-1401/2 од 11.5.2011 година, на седницата одржана на 29.4.2010 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: ***ОРГАНИЗАЦИСКА КУЛТУРА КАЈ МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА,*** поднесена од кандидатката м-р Марија Магдинчева-Шопова. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата до Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација содржи вкупно 310 страници од кои 15 страници отпаѓаат на користена литература ( 211 библиографска единица), 18 страници на вовед и 17 страници на прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед, заклучок, литература и прилози, е структурирана во шест глави, логично систематизирани, и тоа:

Вовед ( од 10 до 18 стр.)

Глава 1 Карактеристики на организациската култура (од 19 до 59 стр.)

Глава 2 Организациската култура и мотивацијата кај малите претпријатијата (од 60 до 101 стр.)

Глава 3 Примена на мотивацијата во малите претпријатија (од 102 до 130 стр.)

Глава 4 Организациска структура и нови форми на работа кај мали претпријатија (од 131 до 185 стр.)

Глава 5 Организациска култура и лидерство кај малите претпријатија (од 186 до 230 стр.)

Глава 6 Организациската култура и менаџмент на мал бизнис (од 231 до 272 стр.)

Заклучок ( од 273 до 277 стр.)

Прилози ( од 278 до 294 стр.)

Литература ( од 295 до 310 стр.)

Во воведот е објаснета актуелноста на истражувањето, доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес, предметот, целта и задачите на истражувањето. ***Предметот на истражување*** на докторската дисертација се однесува на оценувањето на влијанието на организациската култура врз функционирањето на менаџментот во малите претпријатија. ***Целта на истражувањето*** е да се изврши теоретско и методолошко истражување на влијанието на организациската култура, организациските промени и новите форми на работа врз работењето на малите претпријатија. За остварување на целта спроведено е емпириско истражување за примената, застапеноста и воведувањето на новите форми на работа кај малите претпријатија во Република Македонија.

Во првата глава со наслов ***Карактеристики на организациската култура,*** истражувани се суштината и карактерот на организациската култура, функциите на организациската култура, креирањето и одржувањето на организациската култура кај малите претпријатија преку презентација на процесот на создавање на организациската култура и влијанието на основачите и сопствениците на претпријатието во создавањето на организациската култура. Во оваа насока е разработен процесот на селекција и избор на практики за креирање на организациска култура, активностите на менаџерот и примената на методот на социјализација (преку селекција на вработените, распоредување на селектираните кандидати на конкретно работно место, владеење со работата, мерење и наградување на резултатите од работењето, лојалност кон значајните вредности и доделување на признанија и унапредувања за остварување на добри резултати во работењето). Исто така, истражувана е и етиката кај малите претпријатија која претставува водич за менаџерите во малите претпријатија во процесот на донесување на одлуки за одговорно однесување во деловното окружување, како и начините на унапредување на етиката кај малите претпријатија. Етичкото однесување на претпријатијата е претставено преку анализа на општествената етика, професионалната етика, индивидуалната етика и организациската етика. На крајот, истражувано е влијанието на националната култура врз организациската култура на малите претпријатија во Република Македонија и карактеристиките на различните системи на вредности.

Во втората глава со наслов ***Организациската култура и мотивацијата кај малите претпријатија,*** истражувањето се фокусира на мотивацијата и заемната поврзаност на мотивацијата и организациската култура, како еден од најважните сегменти кој е поврзан со менаџментот и кој има пресудно влијание врз успешноста во работењето на претпријатијата. Најпрво, определен е карактерот на мотивацијата преку разработување на фазите во мотивациониот циклус: фаза на настанување на мотивот, фаза во која вработениот создава

определен учинок и фаза во која се појавува задоволството на вработените од постигнатиот учинок, а потоа се елаборирани причините кои ја зголемуваат важноста и значењето на мотивацијата за менаџерите на малите претпријатија како и влијанието на вработените со нивните индивидуални способности на процесот на мотивација. Како најкорисни мерки и приоди за успешно мотивирање на вработените се истакнува постоењето на соодветни организациски услови во малите претпријатија, улогата на менаџерите во создавањето на општите насоки во работењето на претпријатијата преку создавање на реални и остварливи стандарди во работењето, воведување на јасна и недвосмислена поврзаност помеѓу остварените резултати и наградувањето на вработените, зголемување на наградата со зголемување на резултатите во работењето и примена на конкретни модели на наградување на вработените. Исто така, елаборирани се основните услови од кои зависи мотивацијата кај малите претпријатија, и тоа: задоволување на потребите на вработениот како услов за задоволство од работата, разликите помеѓу тоа што го има вработениот и она што очекува да го добие, задржување на вредностите на вработените и еднаквост помеѓу вработените од аспект на извршување на работата. Поновите истражувања покажуваат дека досегашните концепти на мотивација, мотивациски стратегии и техники не можат да одговорат на барањата кои ги создаваат современите услови на стопанисување. Тоа ја наметнува потребата од воведување на нови начини и системи на мотивација на вработените кои се содржани во материјалните стратегии ( висина на утврдена плата, стимулирање на работната успешност и индивидуални награди и бонуси на вработените) и нематеријални стратегии за мотивирање на вработените (дизајнирање на работата, партиципација на вработените, управување по пат на цели, флексибилно работно време, признанија и повратна информација, овластување). На крајот од оваа глава се анализирани работните вредности, атрибутите и однесувањето на човечките ресурси преку елаборирање на четирите видови вредности: внатрешни работни вредности, надворешни работни вредности, социјални работни вредности и вредности на моќта.

Во третата глава со наслов ***Примена на мотивацијата кај мали претпријатија*** се разработува практичната примена на мотивацијата кај малите претпријатија од страна на менаџерите преку анализа на следниве три модели: првиот, традиционален менаџмент-модел и приод кон мотивацијата; вториот, менаџмент-модел на човечки потенцијали и приод кон мотивацијата, и третиот, менаџмент-модел на човечки потенцијали и приод кон мотивацијата а личноста на менаџерот е претставува преку прикажување на личните карактеристики кои ги поседува менаџерот. Во продолжение детално се разработени видовите мотиватори кои се применуваат во малите претпријатија а се однесуваат на егзистенцијалните, социјалните и

его-мотивите. Создавањето на услови за мотивација на вработените кај малите претпријатија претставува една од најважните задачи на менаџерите. Обезбедувањето на услови за мотивирање на вработените зависи од познавањето на единственоста и различноста на вработените, претпријатието и окружувањето, како и познавање на заедничките особини и развојните циклуси на претпријатието. На крајот, се разработува практичната примена на мотивацијата кај малите претпријатија преку материјалните и нематеријалните мотиватори која зависи од дејноста во која работи претпријатието, природата на работата, конкурентноста на пазарот и структурата на вработените.

Во четвртата глава со наслов ***Организациска структура и нови форми на работа*** истражувањето се фокусира на важноста и придонесот на организациската структура и организациската култура врз успешноста на работењето во малите претпријатија. На почеток анализирана е суштината на организациските промени, разработени се карактерот и изворите на организациски промени ( надворешни и внатрешни извори на промени), истражувани се новите форми на работа кај малите претпријатија (организација која учи, менаџмент на вкупен квалитет, know-how, флексибилноста, тимската работа и тим менаџментот, примена на иновациите во работењето), како и трите категории на промени: адаптивни промени, иновативни промени и радикално-иновативни промени. Резултатите од спроведеното истражувања укажуваат на фактот дека имплементирањето на процесот на организациски промени во претпријатијата претставува императив. Управувањето со организациските промени зависи од креирање на соодветен модел на организациска култура кој треба да содржи: имплементација на систем на следење на организациските промени, изработка на план за имплементација на промените, идентификација на можните ограничувачки фактори за спроведување на организациските промени, намалување на влијанието на ограничувачките фактори пред почеток на процесот на имплеменетација на промените, имплементирање на процесот на промени, согледување на резултатите од спроведениот процес на имплементација на промените, мерење на резултатите од воведување на промените и започнување на нов процес на промени. Исто така, определени се елементите на новата организациска култура која се спроведува преку следниве активности: определување на содржината на постојната организациска култура, предвидување на новата организзциска култура, креирање на нова организациска култура, развој на инфраструктура за примена на новата организиациска култура и обезбедување на услови за практикување на новата организациска култура. На крајот од оваа глава се прикажани добиените резулати од спроведеното практично истражување за односот на малите претпријатија кон промените,

факторите кои влијаат на спроведување на организационите промени и причините за отпор при воведувањето на организациските промени.

Во петтата глава со наслов ***Организациска култура и лидерство кај малите претпријатија,*** разработена е природата на лидерството со анализа на моделите на лидерството, модел на особини и модел на однесување, потоа се анализирани видовите на моќ ( законска моќ, моќ на наградување, моќ на принуда, експертска моќ и референтна моќ), начините на влијание на лидерите врз вработените преку почитување и воведување на структура, стиловите на лидерство кои го претставуваат специфичниот начин на кој менаџерот избира да влијае на вработените во претпријатието, како и начинот на кој менаџерот го применува процесот на планирање, организирање и контролирање на работата во претпријатието. Моделите на лидерство се претставени преку ситуациониот модел на Fred Fiedler со објаснување на двата основни стила на лидерот: лидер ориентиран кон односот и лидер ориентиран кон задачата; теорија на пат- цел на Robert House; моделот на замени на лидерот. Различните стилови на лидерство влијаат врз организациската култура. Истражувањата покажуваат дека европските лидери се карактеризираат со тоа што тие ги негуваат добрите меѓучовечки односи во претпријатието во споредба со американските или јапонските лидери. Соодветно внимание во оваа глава е посветено на разработка на класичните стилови на лидерство ( автократскиот стил на лидерство, демократскиот стил на лидерство и либералниот стил на лидерство и поврзаноста на стилот на лидерот со организациската култура на претпријатието). Истражувањата покажуваат дека во претпријатијата во кои е застапен либералниот стил на лидерство вработените го менуваат начинот на однесување за да му помогнат на претпријатието кое се карактеризира со приспособлива и силна организациска култура. Исто така, анализирани се карактеристиките на претпријатијата во кои односите на сопствениците и вработените се определени од патерналистичка, laisser-faire, партиципативна и професионална организациска култура. На крајот од оваа глава е извршена анализа на лидерството (местото, улогата, важноста и застапеноста на лидерството) со помош на анкетното истражување во малите претпријатија.

Во шестата глава со наслов ***Организациска култура и менаџмент на мал бизнис,*** разработен е концептот на малиот бизнис во САД, во земјите од ЕУ и во Република Македонија, карактеристиките кои придонесуваат за зголемување на нивната конкурентност на пазарот, како и бариерите кои го доведуваат во прашање опстанокот и развојот на малите претпријатија. Во рамките на оваа глава посебно се анализирани способностите на менаџерите, и тоа: човечката, техничката, концепциската, комуникациската, аналитичката, способноста за дијагноза и способноста за управување со времето. Преку разработување на

функциите, моќта и важноста на менаџерите во малите претпријатија се определува одговорноста која тие ја имаат за креирање и менаџирање на организациската култура во малите претпријатија која соодветно се одразува и врз стеикхолдерите. Во продолжение истражувани се карактеристиките на претпријатија во кои доминира хуманистичка организациска култура, соединета организациска култура, организациска култура на одобрување, конвенционална организациска култура, зависна организациска култура и претпријатија во кои доминира организациска култура на избегнување. На крајот од оваа глава се разработува управувањето со организациската култура преку планирање, организирање, водење и контролирање, како и карактеристиките на претпријатијата со иновативна и конзервативна организациска култура.

Интегрален дел на докторската дисертација претставува и ***заклучокот*** во кој се систематизирани најважните констатации кои произлегуваат од теориското и емпириското истражување на проблематиката на организациската култура во малите претпријатија.

Во делот на ***литературата*** се наведени 211 библиографски единици од кои најголем број се од странски автори објавени по 2000 година, освен одредени капитални дела објавени пред тоа.

На крајот, во делот ***Прилози,*** презентиран е: список на анкетирани мали претпријатија и анкетни прашалници за спроведување на практичното истражување.

## Оцена на трудот

Организациската култура ги претставува вредностите, верувањата и нормите кои ги поврзуваат вработените во претпријатието кон остварување на неговите цели. Начинот на кој вработените ја применуваат организациската култура има силно влијание врз организациската ефективност. При анализата на организациската култура важна е: насоката која упатува на степенот до кој културата го поддржува, отколку го спречува остварувањето на организациските цели; продорноста која упатува на степенот до кој културата е распространета помеѓу вработените, спротивно на нееднакво распределената; и силата која упатува на степенот до кој вработените ги прифаќаат вредностите и другите аспекти на културата. Присуството на претприемачка култура во малите претпријатија му овозможува на сопственикот подобро да ги антиципира или да подготви одговор на промените во окружувањето. Претпријатијата кои применуваат административна култура многу потешко се приспособуваат на промените во окружувањето.

Организациската култура во последните години ја доби репутацијата како на бизнис-средство за остварување на високи резултати. Долгорочниот успехот на претпријатието во го-

лема мера зависи и од адекватната комбинација меѓу културните вредности и деловните резултати. Во тој контекст, ефикасната организациска култура за малите претпријатија е витален услов за успех, а процесот на создавање и избор на соодветна организациска култура претставува подрачје кое интензивно го привлекува научниот и практичниот интерес. Во сложено и комплексно мега-окружување, претпријатијата се принудени да создаваат визија за своето работење, постојано да ја надградуваат својата мисија и да формулираат повисоки цели кои треба да бидат остварени. Во такво окружување, уникатните конкурентски способности и предности обезбедуваат опстанок.

Основните причини за нагласената актуелност на организациската култура се наоѓаат во фактот дека единствениот начин за создавање на победнички стратегии во мега-окружувањето е примена на промени во работењето и оспособување за работење во услови на изразени глобализациски процеси и изразена конкурентност. Оспособувањето и приспособувањето на малите претпријатија кон динамичните услови на работење зависи од многу фактори. Организациската култура претставува еден од факторите кој има посебно влијание врз успешното работење на малите претпријатија. Поради тоа, определувањето на ефикасна организациска култура претставува обврска и предизвик за менаџерите/сопственици на малите претпријатија. Организациската култура претставува подрачје кое постојано се развива и модифицира во согласност со промените во окружувањето во кое функционираат претпријатијата, како и откривање на оние верувања, вредности и норми кои детерминираат ефикасна организациска култура кај малите претпријатија.

Во докторската дисертација кандидатката м-р Марија Магдинчева-Шопова применува методолошки карактер на истражување, со кој се унапредува ефективноста на менаџментот на малиот бизнис. Преку научно-теоретскиот приод се разработува влијанието на организациската култура врз развојот и работењето на малите претпријатија, додека, пак, преку емпирискиот приод се утврдуваат резултати кои се однесуваат на начините и формите на унапредување на етиката кај малите претпријатија, определување на мотиваторите кои влијаат на работната мотивација на вработените, влијанието на менаџерот врз мотивацијата на вработените, важноста на работните вредности, мерење на задоволството од работа, определување на факторите кои влијаат на спроведување на организациските промени и причините за отпор кон промените, определување на факторите кои влијаат на спроведување на организациските промени од страна на вработените и застапеноста на лидерството во малите претпријатија

Докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Магдинчева-Шопова претставува посеопфатно, теориско, методолошко и емпириско истражување, од областа на организациската култура кај малите претпријатија. Посебен научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведување на емпириското истражување во периодот од 1.1.2010 година до 31.12.2010 година во 100 микро и мали претпријатија во Република Македонија. Притоа, од вкупниот број на анкетирани претпријатија, 17% се мали претпријатија кои вработуваат повеќе од 20 вработени, 18 % се мали претпријатија кои вработуваат до 20 вработени и 65 % се микропретпријатија кои вработуваат до 10 вработени. Според демографските критериуми, најголемиот број на мали и микропретпријатија спаѓаат во секторот на трговијата и услугите со 83 %, потоа доаѓа производството со 13 % и на крајот е секторот на градежништвото со 4% од вкупниот број на мали и микропретпријатија, и дека 100% од анкетираните претпријатијата се со доминантен приватен капитал, со целосна приватна сопственост.

Резултатите од емпириското истражување во анкетираните претпријатија покажуваат дека проблемот на мотивирање на вработените од страна на менаџерите е рангиран на прво место, според важноста. Од вкупно 100 анкетирани менаџери на мали и микропретпријатија, констатира кандидатката, 43 менаџери одговориле дека мотивирањето на вработените претставува најважен проблем во нивното работење, додека, пак, проблемот на планирање во претпријатието е од најголема важност за 16 менаџери. За 14 менаџери најголема важност имаат проблемите кои произлегуваат од управувањето со финансиите. Најголема важност за 9 менаџери имаат проблемите сврзани со организацијата на работата, а проблемите со комуникацијата во работата се најважни за 7 менаџери.

Во однос на унапредување на етиката во малите претпријатија, кандидатката ги наведува следниве начини: изработка на водич за етичко однесување на вработените во малите претпријатија, обука на вработените за етичко однесување, изработка на кодекс на етика и Whistle-blowing- откривање од страна на вработените. Успешното спроведување на организациските промени во малите претпријатија најмногу зависи од учеството на менаџерите и вработените. Емпириските резултати потврдуваат дека 83% од испитаните менаџери се подготвени да воведуваат радикални, неизвесни, организациски промени имајќи го предвид фактот дека насоченоста кон промените произлегува од фактот дека промените се прифаќаат како дел од секојдневното работење.

Резултатите од спроведеното емпириско истражување за определување на факторите кои влијаат на спроведување на организационите промени од страна на вработените, според кандидатката, упатуваат на заклучокот дека: поголемиот дел од испитаните вработени

сметаат дека креативноста и индивидуалната иницијатива се респектираат многу малку од страна на менаџерите на малите претпријатија. Постоењето на голем јаз помеѓу менаџерите и вработените, заснован на моќ, како една од карактеристиките на националната култура, се потврдува со високиот процент на добиени одговори од страна на вработените за тоа дека нивниот менаџер воопшто не се обидува да ги разбере проблемите на вработените. Многу слабата насоченост кон организациските промени и ниската толеранција на неизвесност се потврдува и со фактот дека 73% од испитаните вработени посакуваат да работат во окружување во кое прецизно се дефинирани улогите и задачите на секој вработен во претпријатието.

Практичните ефекти од спроведеното емпириско истражување можат да се согледаат преку можноста менаџерите на малите претпријатија подобро да ја разберат природата на организациската култура и нејзиното влијание во подобрување на перформансите на малите претпријатија. Притоа, запознавајќи се со влијанието на организациската култура врз работењето на малите претпријатија (поврзаноста на организациската култура со менаџментот на малите претпријатија и мотивацијата на вработените, како и влијанието на организациските промени и новите форми на работа кај малите претпријатија) менаџерите ќе имаат поголем успех во креирањето и воведувањето на на организациската култура, зголемена стабилност на претпријатието и интегрирање на сите вработени во насока на подобрување на вкупното работење на претпријатието.

Техничкото оформување на докторската дисертација на кандидатката е на највисоко можно ниво, а приодот кон материјата е доволно селективен. Стилот на пишување е јасен и лесен за следење на мислите на авторката. Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и заемна поврзаност на деловите, табели, слики) е јасна. Текстот во дисертацијата е солидно компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија од највисок калитет. Текстот во докторската дисертација е целосно во боја.

Имајќи го предвид горенаведеното, Комисијата констатира дека целите и задачите што кандидатката м-р Марија Магдинчева-Шопова ги формулирала во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за квалитетен труд и успешно спроведено репрезентативно емпириско истражување кое овозможува да се оцени степенот на примена на организациската култура и нејзиното влијание врз работењето на малите претпријатија во Република Македонија. Содржината на докторската дисертација е соодветна на усвоените тези.

На трудот можат да му се стават и забелешки како на пример: недоволно застапениот критички приод при теоретската разработка на управувањето со организациската култура, недоволната повзраност на споредувањето на организациската култура помеѓу микро и малите претпријатија, како и примената на организациската култура во анкетираните претпријатија според дејноста, кои немаат позначајно влијание врз квалитетот на докторската дисертацијата.

## П р е д л о г

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- ***прво,*** да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Магдинчева-Шопова на тема: ***ОРГАНИЗАЦИСКА КУЛТУРА КАЈ МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА*** е успешно изработена;
- ***второ,*** да одобри закажување ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 14.7.2011 година

Комисија за оцена и одбрана
на докторската дисертација

1. Проф. д-р. Бобек Шуклев,с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.
3. Проф. д-р Таки Фити,с.р.
4. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски,с.р.
5. Доц. д-р Леонид Наков,с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 23.6. 2011 година, донесе одлука за формирање Комисија во состав: проф. д-р Мирјана Најчевска, проф. д-р Виолета Чачева и проф. д-р Љубица Чонева, а во врска со објавениот конкурс за еден помлад асистент за научната област човекови права и слободи.

На објавениот конкурс се јавија следниве кандидати: м-р Елеонора Стојкова, м-р Љуан Имери и м-р Викторија Јаќимовска. Откако Комисијата во непотполн состав (членот Најчевска Мирјана одби да учествува) ги разгледа поднесените пријави и документи, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во дневниот весник ВРЕМЕ од 19.4. 2011 година, за избор на помлад асистент за научната област човекови права и слободи се пријавиле м-р Елеонора Стојкова, м-р Љуан Имери и м-р Викторија Јаќимовска.

1. Кандидатката м-р Елеонора Стојкова има завршено Филозофски факултет – група: социологија и има магистрирано на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на групата социологија во 1999 година.
Со конкурсните услови е предвидено кандидатите да се избираат од научната област човекови права, а Класификацијата на научноистражувачките области според меѓународната Фраскатиева класификација (објавена во Службен весник бр. 103 од 30 јули 2010 г. ) предвидува дека оваа научна област припаѓа на научното поле правни науки. Според тоа, кандидатката м-р Елеонора Стојкова не ги исполнува формалните услови барани во конкурсот.

2. Кандидатот м-р Љуан Имери има завршено Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а магистерски студии за менаџмент на човечки ресурси при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје. Со оглед на тоа дека за ова работно место, како што беше наведено, е предвидено кандидатите да бидат од научното поле – правни науки, Комисијата смета дека, и овој кандидат не ги исполнува формалните конкурсни услови.

3. Кандидатката м-р Викторија Јаќимовска има дипломирано на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со просечна оцена 9,48. Прогласена е за втор најдобар студент во генерацијата 2008 година и за тоа е наградена со наградата „Златен Јустинијан“. Постдипломски студии по меѓународно право има завршено на Универзитетот во Кембриџ, во 2010 година.

Академскиот профил на кандидатката, според приложената документација, е проследен со соодветни активности во областа на заштитата на човековите права: демонстратор по управно право на Правниот факултет, учество во изработка на правни извештаи во административно-судските постапки и ангажмани во граѓанскиот сектор во РМ и pro bono правно друштво во Кембриџ. Исто така, ангажирана е како правен консултант на НВО Кризен центар „Надеж" на проектот „Заштита на жртви од семејно насилство". Според наведеното, академските области меѓународно хуманитарно право и меѓународно кривично право претставуваат најтесни области на академскиот интерес на кандидатката м-р Викторија Јакимовска. Во прилог на ова се и приложените сертификати од курсеви и семинари од наведените области.

Кандидатката приложи копија од објавените трудови:

Книга:
„Училишната демократија во микрорегионот Куманово-Гњилане-Прешево-Трговиште" / коавтор со Бошко Станковски/ Куманово, 2008.

Статии:

1. „Нов предизвик во реформите на јавната администрација – воведување е-администрација" во Реформи во јавната администрација, услов за членство во Европската унија (збирка на трудови), Тетово, 2008, стр. 83-108.
2. „Феминизација на сиромаштијата – улогата на женските невладини организации во нејзино намалување", Граѓански практики, бр. 11, 2005, стр. 7-14.
3. „Decreasing ecological risks by integrating women in the process of decision – making", in Working and Living Environment in the National and European System of Education, Nis, Zbornik trudova, 2005, 58- 66.
4. (so Michael Wietzorek) „Akennung und Vollstreckung von Entsheidungen in Makedonien" („Recognition and Enforcement of Foreign Arbitral Awards in Makedonien", 195 EASTLEX, vol. 4 (2008), Vienna, 142- 145.

## Заклучок и предлог

Со оглед на претходно изложеното, му предлагаме на Научниот совет на ИСППИ за помлад асистент да се избере кандидатката м-р Викторија Јакимовска поради следново:

1. Кандидатката м-р Викторија Јакимовска во целост ги исполнува формалните услови предвидени во конкурсот. Таа е дипломиран правник со магистратура по меѓународно право на Универзитетот во Кембриџ, со објавени неколку научни и стручни трудови, како и едно коавторство во една книга.

Со кандидатката е спроведено интервју во врска со нејзината мотивација и афинитетите за работа во областите предвидени со конкурсот при ИСППИ.

Во врска со условот – тестирање на кандидатката за познавање на англискиот јазик, Комисијата одлучи да не се спроведе, бидејќи има меѓународни сертификати за познавање на англискиот јазик, кои се услов за запишување на Универзитетот во Кембриџ. Се имаше предвид и фактот дека кандидатката постдипломските студии ги следеше и ги заврши на англиски јазик.

Скопје, 15.7. 2011

Рецензентска комисија

Проф. д-р Виолета Чачева с.р.

Проф. д-р Љубица Чонева с.р.

ДО СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ
ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА во Скопје

МИСЛЕЊЕ ПО ОБЈАВЕН КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ
Од Мирјана Најчевска

Со одлука бр. 02- 982/5 од 23.6. 2011 г. избрана сум за член на Комисија за избор на помлад асистент врз основа на објавен конкурс.

Со ова го издвојувам моето мислење од останатите членови на Комисијата и сметам дека не треба да биде предложена за избор кандидатката Викторија Јаќимовска, ќерка на актуелниот директор на Институтот, Јорде Јаќимовски, односно, треба да биде распишан нов конкурс за избор на помлад асистент.

Образложение

Прво, според мое мислење, крајно неетички е да се избере за помлад асистент дете на актуелен раководен кадар во Институтот.

Второ, според мое мислење, направена е манипулација со решението на Управниот одбор и е изиграно поставеното барање за вработување на човек од албанската етничка заедница (што како потреба беше искажано на интерниот состанок на раководителите на одделенијата и управата).

Заради ова, не го давам својот глас за избор на Викторија Јаќимовска на работното место помлад асистент и барам повторно распишување на конкурс во кој ќе бидат дадени параметри и критериуми кои ќе овозможат избор на соодветен кандидат.

Проф. д-р Мирјана Најчевска с. р.